СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Дваесет и првата седница на Собранието на Република Македонија,
одржана на 28 јуни 1995 година

Скопје, јуни 1995 година

**21 ( ДВАЕСЕТ И ПРВА ) СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РМ, ОДРЖАНА НА 28 ЈУНИ 1995 ГОДИНА**

Дискутанти: Дневен ред:стр. 15 и 16

1. АБДИ ФАИК - 2, 6, 44, 47
2. АТАНАСОВЃОРЃИ -11
3. АРСОВСКИ БРАНКО - 33
4. БЕЛИЧЕВ ЉУПЧО - 74
5. ВИДИМЧЕ КИРЕ - 53
6. ГОЦЕВСКИ ИЛИЈА - 29
7. ДОНЕВСКИ СЛОБОДАН - 25, 27
8. ДИМОВ ЛАЗАР - 119, 120, 122
9. ИВАНОВ ЉУБИСАВ - 96

10 ИВАНОВ РИСТО -(министер) 24, 32, 36, 55, 58, 61, 140

11. ИВАНОВ МАРКО - 57
12. ИВАНОВСКИ АЛЕКСАНДАР - 81
13. КАДРИУ ЗЕЌИР - 20
14. КОСТАЌЕВ БОРИС - 28
15. КАРОВ ЗВОНКО - 43, 85, 88.
16. КОЦЕВСКИ АЦЕ -128, 129, 139
17. ЛАЗАРОВ ЈОВАН - 40, 82, 92.
18. ЛАЗАРЕВСКИ МИРКО - 63
19. МЕШКОВ ЉУПЧО - 116, 62
20. МАСЕВ РИСТО - 39
21. МИХАЈЛОВСКИ БРАНИРОД - 32
22. МИТЕВСКИ ДРАГАН - 32
23. МИНОВ ПАНЧО - 63, 65
24. НИКОЛОВСКИ ДУШКО -54, 94, 96
25. НАЈДОВСКИ СЛОБОДАН - 113
26. ПЕТКОВСКИ ТИТО - (води сед. ) 1, 6, 15, 134, 139.
27. ПЕЦОВ МИРКО - 131
28. РАМАДАНИ ИСМЕТ - 16, 18, 19
29. РУЖИН НАНО - 29, 30
30. СТАНКОВСКИ ВЛАДИМИР - 133
31. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ - 49, 51
32. СПИРОВСКИ ИГОР - 7 ( чита)
33. СОКОЛОВСКИ ВЛАДИМИР - 61,125,133
34. СТОЈКОВСКИ ЗДРАВКО - 13, 31
35. САБРИУ ИЛИЈАЗ -19,48

36.СИМОВСКА ЕМИЛИЈА - (мин.за образ.) -20, 29, 37, 51, 75, 76, 77, 79

37.СТОЈКОВСКИ БЛАГОЈА 30,31

37. СТОЈАНОВСКИ ПЕЦЕ - 37

38. ТРАЈКОВ МИЛЧО - 60

39. ТАНТАРОВ ВЕЉО - 21, 61

40. ТРАЈКОВ РИСТО - 41

49. ТРПЕНОВСКИ ДИМИТАР - 42

42. ТАИРИ МЕВЉАН - 127

43. ТРИПУНОВСКИ МИРКО - 106

44. ТЕМЕЛКОВСКИ ЗОРЕ - 101, 103, 131

45. ТРАЈАНОВСКИ НИКОЛА - 89

46. ХАСИПИ КЕНАН - 22, 23

47. ХАНЏИСКИ БЛАГОЈ - 56

48. ХАРУНИ СЕЈФЕДИН - 1о8

49. ШАПУРИЌ ЗОРАН -58, 123

50. ШУНДОВСКИ ЈОРГО - (министер)-26, 43, 48, 56, 66, 67, 68, 69, 70, 71, 72

ПРОДОЛЖУВА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Дваесет и првата седница на Собранието на Република Македонија,одржана на 28 јуни 1995 година

Седницата се одржа во просториите на Собранието, сала 1, со почеток во 12,30 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Тито Петковски, потпретседател на Собранието.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам за информација од службите колку пратеници се при- сутни во салата. (83 пратеници се присутни во салата).

Имаме кворум за работа.

Дами и господа пратеници, ја отворам 21-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Никола Г .Поповски и Игнатие Богдановски ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата. Претседателот на Собранието моментално е спречен и поради тие причини јас ќе ја водам денешнава седница.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинство пратеници на  Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата поканети се и претседателот на Републиката г-дин Киро Глигоров, претседателот и членовите на Владата на Република Македонија, гувернерот на Народната банка на Република Македонија и директорот на Агенцијата на Република Македонија за трансформација на претпријатијата со општествен капитал.

I/2.-ПЈ/МЛ

Ве известувам дека пратеникот Никола Г. Поповски, кој е предлагач на Предлогот за донесување на закон за заштита од пушењето, со Предлог на закон е службено отсутен,.поради учество во работата на Парламентарното Собрание на Советот на Европа. Од овие причини предлагам Предлогот за донесување на закон за заштита од пушењето, со Предлог на закон ќе го разгледаме на наредната седница на Собранието.

Кој е за предлогот, молам да крене рака?

Дали е некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Нема).

Пратеникот Фаик Абди предлага по итна постапка да се до- несе законот за дополнување на Законот за трговија.

Предлогот на овој закон ви е доставен.

Го молам пратеникот Фаик Абди да ја образложи основната и неодложна потреба за донесување по итна постапка на овој закон.

Господин Абди има збор.

**ФАИК АБДИ:**

Господине потпретседателе, дами и господа пратеници, драги колеги еве денес имам една многу неблагодарна работа да го одбранам Предлогот за донесување на закон по итна постапка за дополнување на Законот за трговија, со Предлог на закон.

Ние пред некое време донесовме Закон за трговија и тогаш поднесов амандман на членот 6, не беше усвоен и тоа е тоа. Но, веднаш после тоа еден или два дена се собра народ и тоа многу народ од Скопје и околните места, Роми, Македонци, Албанци и Турци во седиштето на Партијата ПЦЕР, расправавме на долго и на широко по ова прашање и луѓето се искажаа дека ќе организираат соодветна демонстрација или

мирен марш. Тие утредента тоа го направија овде со изјаснување на службите. Јас бев во мојата канцеларија, го известив претседателот на Републиката, го известив и претседателот на Владата. После двочасовно чекање добив одговор со молба до членовите на штрајкувачкиот одбор да отидеме кај министерот за стопанство и да седнеме и да видиме што е тоа што можеме да направиме, а што е тоа што не можеме да направиме. Ние бевме кај господинот министер за стопанство, разговаравме и најголема работа беше таа што се договоривме, успеавме да се договориме, на овие луѓе кои што се по тезгите под ведро небо и зиме и лете и за нив да важи членот 54 од Законот, да не бидат веднаш бркани, да можат во рок од три месеци да си го усогласат своето работење со Законот, односно со од- редбите од Законот за трговија. Ние дадовме збор дека ќе направиме се да може да направиме некоја лесна конструкција и да направиме некој бокс, такви бараки за да можат луѓето да си ја обават својата дејност. Веднаш се обратив до градските пазари, до Јавното претпријатие за деловен простор и до други институции. Добив одговор, кој што го имате и вие, како што пишува таму тоа е тоа. Од Јавното претпријатие добив одговор дека нема такви работи, но може само за пари да се купуваат продавници. Овој народ што седи на пазарите низ Македонија нема пари за купување на такви продажни простори и како што рекол господинот Мартинез кога ќе биде Македонија побогата, кога санкциите спрема Македонија ќе бидат тргнати, кога војните во Босна ќе престанат, кога ќе имаме слободен трансфер на капитал на стоката, тогаш малку поинаку ќе разговараме, а тоа значи секој ќе сака да има своја продавница, да заработува чесно и поштено итн. Тогаш ви кажав а и сега ви кажувам многу чесно го заработуваат своето парче леб, под голем страв, под удар на закон. Тие се регистрирани во Окружно - стопанскиот суд како

претпријатие, имаат печати, плаќаат даноци од сите видови, дури плаќаат даноци најнормално и за тие што ги вработуваат кај себе.

Јас знам господо пратеници дека има многу претпријатија загубари со по 5 илјади, 10" илјади, 15 илјади, 20 илјади, 30 илјади луѓе, но ако ја погледаме нивната актива и пасива и ако ја погледнеме структура на вработените ќе добиеме сосема друга слика на состојбите. Јас знам дека имаме и политички фабрики во Република Македонија,јас знам дека се уште има такви, тие не престанаа да работат, знам дека се продава деловен простор, но овие луѓе се без пари, тие не можат да купуваат. Сигурно ќе бидат среќни кога ќе дојдат до тој степен за пет-шест години, до колку работат вака да можат да купат она што треба да купат и да не ги брка никој. Ја знам и убеден сум дека после 5 август, кога ќе изминат три месеци од важноста на Законот, мислам од преодниот рок и полицијата и инспекторите заедно ќе вршат голема пресија врз овој народ. Тие вршат пресија и сега, вршат невидена пресија, им ја одземаат стоката, доаѓа до тепање, ќе му го земат лебот од уста. Тие што и за вас гласаа господо, тие што и вас ве донесоа овде во овој Парламент, мислам на еден дел, не сите, ама еден дел.

Јас ве молам во името на оваа сиромаштија, зашто има овде, говорам во име на две сиромаштии. Едната сиромаштија е позади тезгите, тие што продаваат. Тие се по број на членство околу 20 0 до 25 0 илјади, а од другата страна што купуваат тоа се некаде околу 700 или 800 илјади луѓе купуваат кај нив, немаат пари. Јас знам дека никој не помислил дека ќе правиме избори и ќе потече мед и млеко. Знаевме дека ќе имаме загубари, знаевме дека ќе имаме луѓе без работа, знаевме дека ќе се пријават во Заводот за вработување, знаевме дека ќе

добиваат социјална заштита, а вака уште повеќе ќе го направиме тоа, уште повеќе ќе се види онаа беспарица во Република Македонија и да ми простите како да се наоѓаме во една Шведска или во една Белгија и сакаме да тераме како што сакаме да тераме, како што некој сака. Ние не сме ни во Шведска, не сме во некоја друга побогата земја, па јас би ве молел ако сакате да ме сослушате. (Пратениците не се внимателни). Јас би ве молел во името на овие граѓани да не дојде до одредени судири меѓу нас. Тоа што велам меѓу нас, јас припаѓам на националноста Ром, а овде има и Албанци, имаме Турчин еден и ваши Македонци, да не се расправаме меѓу себе, би молел за еден одреден период кога Македонија ќе се ослободи од санкциите, кога ќе проработат капацитетите, кога ќе извршиме реконструкции и модернизации, кога ќе се вратат луѓето назад, кога ќе ги пласираме нашите производи во Македонија и надвор од Македонија, тогаш сигурно никој нема да сака во најголема жештина да остане надвор да продава и во најголем студ пак надвор да продава. Или некој да купува така. Па, во нивно име ве молам да го прифатите овој Предлог-закон за измена и дополнување на Законот за трговија, кој што има само два члена и тоа: "Во Законот за трговија, во Службен весник на Република Македонија број 23 од 1995 година во членот 6, после став 2, се додава нов став 2-а кој би гласел: "На пазарите на кои се даваат услуги за вршење за трговија на мало, мора да се врши продажба на текстил и на текстилни производи, железарски работи, водоводни и електро - инсталатерски материјали и слични производи". Појдете на Бит Пазар и ќе видите дека тоа се продава и тоа на ангро, луѓето од таму земаат, евтини се, купуваат и така животарат, живеат, прават некој живот.

Под член 2: "Овој закон влегува во сила веднаш по неговото донесување".

I/6.-

Јас би ве молел да го прифатите законот, со тоа што оваа Република Македонија е и социјална држава и да им помогнеме на луѓето да излезат од оваа беда, а не да ги натераме во уште поголема беда. Нека остане џанана-шанана, нека остане се на ваша душа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Кој е за предлогот овој закон да се донесе по итна постапка, молам да крене рака?

25 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои предлогот.

Господин Абди.

**ФАИК АБДИ:**

Сметам дека е можна грешка во броењето, па според тоа предлагам со прозивка да се изврши гласање, а поддржа сигурно имам од најмалку 10 пратеници.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, дали има 10 пратеници што го поддржуваат предлогот.

Предлогот е поддржан, молам секретарот да пристапи кон поединечно гласање.

**ИГОР СПИРОВСКИ:**

| | |
|---|---|
| 1. ФАИК АБДИ | за |
| 2. ГАМЕНД АЈДАРАГА | за |
| 3. АБДУРАХМАН АЛИТИ | за |
| 4. ЈАНЕ АНГЕЛОСКИ | против |
| 5. СТОЈАН АНДОВ | не е тука |
| 6. БРАНКО АРСОВСКИ | за |
| 7. ЃОРЃИ АТАНАСОВ | против |
| 8. ЉУПЧО БЕЛИЧЕВ | против |
| 9. РУБИНЧО БЕЛЧЕСКИ | против |
| 10. МЕРСЕЛ БИЛАЛИ | за |
| 11. ИГНАТИЕ БОГДАНОВСКИ | не е тука |
| 12. СЛОБОДАН БОГДАНОВСКИ | против |
| 13. ИВАН БОЈКОВ | против |
| 14. ЈОРДАН БОЖИНОСКМ | за |
| 15. АТАНАС ВАНГЕЛОВ | против |
| 16. АБДУЉАДИ ВЕЈСЕЛИ | за |
| 17. КИРЕ ВИДИМЧЕ | против |
| 18. ДИМИТРИЈА ВРЕВЕЗОСКИ | против |
| 19. АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ | против |
| 20. ИЛИЈА ГОЦЕВСКИ | против |
| 21. ТУШЕ ГОШЕВ | против |
| 22. ВЛАДЕ ДАВИТКОВСКИ | воздржан |
| 23. САНДЕ ДАВЧЕВ | воздржан |
| 24. СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ | не е тука |
| 25. ЛАЗАР ДИМОВ | воздржан |
| 26. ДРАГАН ЃОРЃИЕВ | против |
| 27. НАСЕР ИБЕРИ | не е тука |
| 28. САМИ ИБРАИМИ | не е тука |

I/8.-

| | |
|---|---|
| 29. ЉУБОСАВ ИВАНОВ | воздржан |
| 30. МИРКО ИВАНОВ | воздржан |
| 31. АЛЕКСАНДАР ИВАНОВСКИ | против |
| 32. ЈАКИМ ИВАНОВСКИ | воздржан |
| 33. МИТКО ИЛИЈЕВСКИ | против |
| 34. АЛЕКСАНДАР ЈАКИМОВСКИ | воздржан |
| 35. ЖИВКО ЈАНКУЛОВСКИ | против |
| 36. ЕЌИР КАДРИУ | за |
| 37. ЗВОНКО КАРОВ | воздржан |
| 38. ИЛИЈА КАРОВ | против |
| 39. СТОЈЧЕ КОВАЧЕСКИ | воздржан |
| 40. БОРИС КОСТАЌЕВ | против |
| 41. СЛАВКО КОТЕВСКИ | против |
| 42. МАРЈАН КОТЛАР | не е тука |
| 43. АЦЕ КОЦЕВСКИ | воздржан |
| 44 ЗОРАН КРСТЕВСКИ | не е тука |
| 45. РАТКА КУЉАН- ОГРАВСКА | воздржана |
| 46. ЈОВАН ЛАЗАРЕВ | не е тука |
| 47. МИРКО ЛАЗАРЕВСКИ | воздржан |
| 48. ПЕРСИДА МАЛИНСКА | против |
| 49. НАЗМИ МАЉИЧИ | не е тука |
| 50. РИСТО МАРКОВСКИ | против |
| 51. РИСТО МАСЕВ | против |
| 52. ЉУПЧО МЕШКОВ | против |
| 53. ДАНЕ МИЛОШЕВСКИ | против |
| 54. ПАНЧО МИНОВ | воздржан |
| 55. ДРАГАН МИТЕВСКИ | против |
| 56. ИЛИНКА МИТРЕВА | не е тука |
| 57. БРАНИРОД МИХАИЛОВСКИ | против |
| 58. ЕЛАДИН МУРАТИ | за |
| 59. ФЕРИТ МУСОВСКИ | против |
| 60. СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ | против |
| 61. ПАНЧЕ НАСЕВ | против |
| 62. ДИМЧЕ НАСТОСКИ | против |

| | |
|---|---|
| 63. СЛАВЕ НАУМ0ВСКИ | против |
| 64. ВАНЕ НАУМОСКИ | против |
| 65. СИМОН НАУМОСКИ | за |
| 66. МАРЈАН НАЧЕВСКИ | против |
| 67. ЈОВАН НИКОЛОВ | за |
| 68. ДУШАН НИКОЛОВСКИ | воздржан |
| 69. РИСТО НИКОЛОСКИ | против |
| 70. РУФИ ОСМАНИ | не е тука |
| 71. БОРИС ПАВЛОВ | против |
| 72. ТОДОСИЈА ИАУНОВ | против |
| 73. ТИТО ПЕТКОВСКИ | воздржан |
| 74. МИРКО ПЕЦОВ | против |
| 75. ДРАГОЉУБ ПОПОВИЌ | против |
| 76. ДИМИТРИЈА ПОПОВСКИ | воздржан |
| 77. КИРО ПОПОВСКИ | не е тука |
| 78. ЉУБОМИР ПОПОВСКИ | против |
| 79. НИКОЛА Г. ПОПОВСКИ | не е тука |
| 80. НИКОЛА Р. ПОПОВСКИ | против |
| 81. АБДУРАУФ ПРУСИ | за |
| 82. ИСМЕТ РАМАДАНИ | за |
| 83. САЛИ РАМАДАНИ | не е тука |
| 84. ХИСЕН РАМАДАНИ | за |
| 85. МИТКО РИСТЕВСКИ | против |
| 86. НАНО РУЖИН | за |
| 87. БЛАГОЈА СИЛЈАНОСКИ | воздржан |
| 88. НАУМ СИМЈАНОВСКИ | за |
| 89. ВЛАДИМИР СОКОЛОВСКИ | против |
| 90. КИРИЛ СПАСОВСКИ | против |
| 91. ЈОВАН СРБИНОВСКИ | воздржан |
| 92. ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ | воздржан |
| 93. НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ | не е тука |
| 94. ПЕЦО СТОЈАНОВСКИ | за |
| 95. ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ | не е тука |
| 96. БЛАГОЈ СТЕФАНОВСКИ | против |

I/10.-

| | |
|---|---|
| 97. БЛАГОЈ СТОЈКОВСКИ | воздржан |
| 98. ЗДРАВКО СТОЈКОВСКИ | воздржан |
| 99. МЕВЉАН ТАИРИ | за |
| 100. ВЕЉО ТАНТАРОВ | за |
| 101. ЗОРЕ ТЕМЕЛКОВСКИ | не е тука |
| 102. ПЕТАР ТАЛИМЏИОСКИ | воздржан |
| 103. НИКОЛИНА ТРАЈАНОСКА | против |
| 104. ПЕТРЕ ТРАЈАНОСКИ | против |
| 105. МИЛЧО ТРАЈКОВ | |
| 106. РИСТО ТРАЈКОВ | против |
| 107. МИРКО ТРИПУНОСКИ | воздржан |
| 108. ДИМИТАР ТРПЕНОСКИ | воздржан |
| 109. РАМИ ТУДА | за |
| 110. БЛАЖЕ ФИЛНПОВСКИ | не е тука |
| 111. СЕФЕДИН ХАРУНИ | за |
| 112. ЌЕНАН ХАСИПИ | за |
| 113. ЉУБОМИР ЧАДИКОВСКИ | не е тука |
| 114. СЛАВЧО ЧАПОВ | против |
| 115. ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ | не е тука |
| 116. САНДЕ ЏАМБАЗОВСКИ | против |
| 117. АРБЕН АФЕРИ | не е тука |
| 118. АЛИЛ АФЕРОСКИ | за |
| 119. ЗОРАН ШАПУРИЌ | воздржан |
| 120. ИСНИ ШАЌИРИ | не е тука |

Некои пратеници не гласаа.

| | |
|---|---|
| ЗОРЕ ТЕМЕЛКОВСКИ | за |
| СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ | за |

(По пребројувањето на гласовите)

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Гласале 90 пратеници, 26 се за, 49 се против и 25 воздржани Според тоа, констатирам дека Собранието не го усвои предлогот.

Владата на Република Македонија предлага Предлогот на законот за дополнување на Законот за комуналните такси, предложен од пратениците Љупчо Беличев и Горги Атанасов, Собранието да го разгледа по донесувањето на Законот за локалната самоуправа.

Молам еден од предлагачите да се произнесе по Предлогот на Владата.

Има збор господинот Горги Атанасов.

**ГОРГИ АТАНАСОВ:**

Почитуван потпретседател, почитувани пратеници, сигурно се сеќавате дека овој закон во форма на Предлог за донесување на закон беше предложен пред 30-тина дена и беше потпишан од 62 пратеници. Мислам дека Законот уште тогаш беше изгласан, бидејќи ја изрази волјата на пратениците за дополнувањето на Законот за комунални такси во сферата на јавното осветлување да биде донесен. Меѓутоа, од технички причини, бидејќи не беше регулирано на кој начин ќе се врши контрола на средствата кои ќе се приберат со овој закон, ние како предлагачи го овластивме пратеникот Љупчо Беличев, да се согласи законот да се донесе во две фази.

Оттука, мене ме изненадува ставот на Владата овој закон да не се донесе, туку да се донесе по донесувањето на Законот за локалната самоуправа. Колку и да е тоа прифатливо, мислам дека е непрактично,

со оглед на тоа што речиси сите градови и населени места во Републиката се без јавно осветлување. и имајќи предвид дека овој закон доби поддршка во повеќе комисии при расправата, мислам дека Законот треба да се расправа од Собранието и да биде донесе.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Кој е за предлогот на Владата молам да крене рака?

5 пратеници гласаа за.

Констатирам дека предлогот на Владата не е усвоен.

Значи, точката останува на дневен ред.

Агенцијата на Република Македонија за трансформација на претпријатијата со општествен капитал му поднесе на Собранието извештај за работењето на Агенцијата во 199 4 година и до 31 март 1995 година, кој ви е доставен, што ви е предложен за разгледуваше во точката 9 од предлогот на дневниот ред.

Исто така, и Владата на Република Македонија му достави на Собранието Извештај за работењето на Агенцијата во 1994 година и до 31 март 1995 година кои ви е доставен.

Со оглед на тоа што според член 92 од Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал, Извештај за својата работа му поднесува Агенцијата, предлагам Извештајот поднесен од Владата да го разгледуваме во функција на претресот по Извештајот поднесен од Агенцијата, во рамките на предложената точка 9 од Предлогот на дневниот ред.

Кој е за овој предлог, молам да крене рака.

Пратениците креваат рака.

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се "воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Предлогот е усвоен.

Предлагачот на предлогот за донесување на закон за изменување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување, со Предлог на закон, пратеникот Здравко Стојковски, на седницата на Законодавно - правната комисија го повлече предложениот закон.

Има збор господинот Здравко Стојковски.

**ЗДРАВКО СТОЈКОВСКИ:**

Почитуван потпретседател, почитувани пратеници, должен сум да ги кажам причините поради кои го поднесов предлогот на закон и причините поради која го повлекувам.

За поднесување на Законот имам две причини.

Прво, со донесувањето на Законот за пензиско и инвалидско осигурување мислам дека се направи една формална, процедурална или службена грешка. Чинам дека тогаш ја направив јас заради тоа што тоа беше од правна природа, бидејќи претходно бев известен од Законодавно - правната комисија дека амандманите на членот 3 и на членот 8 се прифатени и јас овде на Собранието го повлеков амандманот на член 3, а на членот 8 - мислам дека членот 3 министерот го прифати и беше прифатен амандманот, меѓутоа моето убедување беше дека членот 3 го суспендира членот 8 и јас го повлеков амандманот. На наредната седница јас интервенирав, меѓутоа тоа заврши како што заврши службено бев предупреден да поднесам посебен предлог и посебна процедура. Јас тоа го направив со образложение дека и тогаш истото постоеше.

Работам во организации каде што секојдневно произлегуваат инвалиди на трудот и мислам дека тогаш имаше расположение тоа да би- де прифатено. Само да искажам неколку бројки. Ние имаме вработени инвалиди 147 само САСА, инвалиди кои заминале како технолошки вишок 35, инвалиди вработени во други претпријатија 20 и работници пензионирани преку ИПК 353. Само да спомнам дека во Пробиштип е двојно поголема, Тораница е нешто помалку од нас. Според тоа, мислам дека овие роганизации оваа проблематика посебно ги засега.

Имајќи предвид дека во Фондот овие работни организации вложуваат поголем износ на средства, наше размислување беше понатаму работодавецот да не ги исплаќа овие средства. Тоа се причини од кои ова го предлагав и мислам дека пратениците ќе најдат разбирање за тоа.

Причината. поради што го повлеков е повеќе да кажам од природа што ние овој закон го донесовме во март месец, тој живее два ипол три месеци, а и во разговорот со министерот кој е тука присутен да се најде солуција во овие категории работници да се најде дополнување во Законот и овие наши видувања да бидат навистина прифатени како такви.

Образложението на мислењето на Владата мислам дека не држи од следните причини. Тоа да го имаат понатаму изготвувачите на Предлогот на измената на законот,надоместок на плата за време на преквалификација или доквалификација - тоа во рударството не важи, на пример не може да се преквалификува во ништо друго, тој останува и понатаму. Надоместок на плата од денот на завршена преквалификација или доквалификација до денот на распоредување односно вработување на друго соодветно работно место - и овде на оваа говорница зборував

нема шанса со ваква квалификација рудар да се вработи на друго место или да добие посебна или некоја друга квалификација. Меѓутоа пак ценев за потреба дека во овој момент времено подобро е да го повлечам законот, мислејќи дека ќе најдеме разбирање и со министерот и со Владата таа проблематика да ја решиме заедно.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Одиме понатаму.

Комисијата за прашања на изборите и именувањата предлага дневниот ред на денешната седница да се дополни со Предлог на одлука за именување на републички советник во Собранието на Република Македонија.

Кој е за предлогот, молам да крене рака?

(Пратениците креваат рака).

Дали има некој против?

Еден пратеник е против .

Дали некој се воздржува од гласање.

Три пратеници се воздржуваат од гласање.

Констатирам дека Предлогот е усвоен.

Според тоа за денешната седница го предлагам следниот дневен ред:

1. Предлог на закон за експропријација,

2. Предлог на закон за дополнување на Законот за комуналните такси

3. Предлог на закон за просветна инспекција,

4. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за данок од добивка, со Предлог на закон,

5. Предлог за донесување на закон за одликувањата на Република Македонија,

6. Именување на заменик на гувернерот на Народната банка на Република Македонија,

7. Извештај за работењето на Агенцијата на Република Македонија за трансформација на претпријатијата со општествен капитал во 1994 година и до 31 март 1995 година,

8. Предлог на одлука именување на Републички советник во Собранието на Република Македонија.

Дали има некој предлог за изменување и дополнување на дневниот ред?

Има збор господинот Исмет Рамадани.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Господине потпретседателе, почитувани пратеници, поминаа скоро две години од донесувањето на Законот за државјанство, па предлагам да се дополни дневниот ред, ако не е можно тогаш за првата наредна седница, со Информација за бројот на граѓаните на Република Македонија кои се во процедура за стекнување на државјанство и тие кои по никој основ не можат да добијат државјанство, по можност со табеларен преглед и за нивната национална припадност.

Тоа го бараме како пратеничка група затоа што од секојдневието добиваме информации односно се сретнуваме со многубројни проблеми на граѓаните кои во од се наоѓаат во незавидна положба, односно ситуација, затоа што не можат да имаат и други документи односно се третираат како странци во Република Македонија, дури за некои од нив е и навредливо затоа што се родени во Република Македонија, а се третираат како странци се додека се во процедура.

II/7

Причините зошто јас не можам сега сите да ги набројам, затоа што очекувам дека ќе имаме таква информација, меѓутоа, почесто тие се: затоа што немаат средства за егзистенција, а ние сме држава со 190 или 200 илјади невработени, што значи тешко обезбедуваат егзистенција односно средства.

III/1 РД/СЛ

**ИСМЕТ РАМАДАНИ**: (Продолжение)

Втора причина е што многумина од овие граѓани кои ги обжалуваат решенијата од првоотепаната. комисија односно до второстепената владината комисија се добиваат позитивни, значи позитивно се решаваат над второстепената, откога се враќаат во процедура, таму пак повторно нешто затајува, што значи не се решаваат проблемите, а имаме стотици предмети кои исто така позитивно се решаваат во Врховниот суд на Република Македонија се враќаат повторно во првостпената, односно таму каде што се решаваат и не се решаваат, а граѓаните очекуваат дека ќе се решаваат нивните проблеми од овој вид.

Исто така, се добиваат и такви одговори, дека одредени граѓани не добиваат уверение за државјанство, затоа што ја загрозуваат Република Македонија, а каде не пишува никаде со никакво образложение со што и како ја загрозуваат РМ. Исто така, имаме и такви случаеви кога граѓаните неупатени од тие кои се во администрацијата, односно, кои се на шалтери и требало навреме да ги упатат, тоа им е и должност граѓаните да ги упатат на каков начин и како да бараат државјанство и сега кога поминува рокот од ноември 1993 година, ноември 1994 година, добиваат негативни одговори, односно, образложение дека требало вака да се постапи и така, меѓутоа, сега веќе се бараат и 500 долари, дури и на оние граѓани кои се над 15 години. Ако добиеме една ваква информација јас мислам дека ние како пратеници ќе го дадеме нашиот придонес со една добра расправа, дури таа администрација, ако ништо друго, да биде поажурна за да можат граѓаните да ги решаваат нивните проблеми од оваа природа.

III/2.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, претставникот на Владата да се произнесе.

**ИЛИЈАЗ САБРИУ:**

Мислам дека предлогот на пратеникот Исмет Рамадани денешната седница да се дополни со една ваква точка, пратениците не е добро да го прифатат и молиме тоа за наредна седница да се прифати, со оглед дека една ваква информација веќе се наоѓа на расправа на комисиите и на прва седница ќе дојде на Влада, веројатно надополнета со овие укажувања што ги укажа г-динот Исмет Рамадани, на наредна седница Владата ќе достави една таква информација за проблемите околу спроведувањето и за се она што кажа околу Законот за државјанство. Затоа молам оваа точка да биде расправана за наредна седница, бидејќи за денешна седница не сме спремни да излеземе со една информација во писмена форма.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дине Рамадани дали го прифаќате овој став?

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Бидејќи во моето образложение јас кажав дека се овие потреби со кои се среќаваат граѓаните во секојдневјето и кои изискуваат и други проблеми, значи за стекнување на друга документација, јас го прифаќам предлогот, но тоа кога се вели тука за наредната седница да биде за првата наредна седница, и т.е. 22-та седница.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Такво беше и мислењето на претставникот на Владата.

**ЗЕЌИР КАДРИУ:**

Г-дине потпретседателе, дами и господа пратеници, јас имам само една забелешка во врска со точката број 3, и каде се предлага Предлог на закон за просветна инспекција. Сите пратеници што сме тука, изразувам исто така и задоволство што и министерката е тука, мислам дека оваа точка на дневен ред не треба да биде денеска прифатена од страна на пратениците бидејќи се во тек и во процедура сите други закони што имаат да прават во врска со образованието во високото и во средното образование. Мислам дека е во ред оваа точка на дневен ред да не се прифати денеска, да не се расправа во врска со тоа, а тоа да се расправа после донесувањето на законите што имаат да прават во врска со оваа област.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, претставникот на Владата да се произнесе по овој предлог.

**ЕМИЛИЈА СИМОВСКА:**

Мислам дека нема никаква причина од одлагање на овој закон. Пред се, проблематиката која се третира во овој закон и проблематиката која се третира во другите закони во сферата на образованието се допира само во неколку точки, тие се усогласени а нам ни е особено неопходно овој закон да се донесе денеска заради казнените одредби, заради некои решенија, за да може да функционира инспекциската служба. Инаку нема никаква друга причина, не се врзани едните закони со другите на таков начин.

III/4.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Кој е за предлогот на г-дин Кадриу, молам да крене рака? (четворица пратеници).

Констатирам дека предлогот не е прифатен.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Почитувани пратеници, со одлука на Владата на Република Македонија годинава на нашите тутунари требаше да им се исплатат околу 360 милиони денари на име на разлика од откупната до гарантираната цена на тутунот. Исплатата на овие средства се уште не е почната. Ветувањата на министерот за стопанство дека исплатата на овие средства ќе заврши во текот на јуни, не се оствари. Денес имам сознание дека исплатата на овие средства се пролонгира до септември. Наскоро ќе почне бербата на тутунот од новото производство, а се уште не е завршено ланското. Предлагам Владата на РМ за наредната седница да поднесе информација кога и на кој начин ќе се плати тутунот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Тогаш ќе расправата на наредната седница. Прашувам дали уште некој има некој предлог?(Нема).

Бидејќи никој не бара збор, молам кој е за предложениот дневен ред да крене рака? (мнозинството пратеници).

Дали е некој против?(Не).

Дали некој се воздржува од гласање?(2 пратеника)

Констатирам дека предложениот дневен ред е усвоен.

Преминуваме на пратенички прашања.

Ве известувам дека Владата на РМ достави одговори на пратеничките прашања на пратениците Абдурауф Пруси, Мирко Пецов,

Владимир Соколовски, Драган Митевски, Живко Јанкуловски, Сејфедин Харуни, Димитар Трпеновски, Петар Талимџиоски, Здравко Стојковски, Марјан Котлар, Вељо Тантаров, Благоја Силјановски, Назми Маличи, Теодосие Паунов, Томислав Стојановски, Љубисав Иванов, Мерсел Билаљи, Насер Зибери, Мевљан Таири, Славко Котевски, Панчо Минов, Димитар Поповски, Милчо Трајков, Драган Георгиев, Владимир Станковски, Ване Наумовски, Слободан Даневски, Ќенан Хасипи, Слободан Најдовски, Љубомир Чадиковски, Пецо Стојановски, Кире Видимче, Бранирот Михајловски и Петар Трајановски.

Дали пратениците што ги поставија овие прашања во врска со истите имаат дополнителни прашања?

**ЌЕНАН ХАСИПИ:**

Г-дине потпретседателе, дами и господа пратеници, еден мал коментар пред малку г-динот Исмет Рамадани со право инсистираше на јасен став Информацијата да се разгледува на првата наредна седница. Ова го потенцирам од причина што на 18-та седница побарав пред усвојувањето на дневниот ред, на една од наредните седници, на наредната додуша седница на Собранието да се изготви информација во врска со преземените активности на Министерството за образование и физичка култура со Републичкиот инспектор во таа област во врска со затворање на училиштата кои работат надвор од законската регулатива. Барањето на информацијата во одговорот на Владата е преиначена во пратеничко прашање. Мислам дека овие две институции се разликуваат една од друга, па према тоа ова го потенцирам од факт во иднина да не се случуваат вакви работи.

Што се однесува до одговорот кој што ми е доставен во облик на пратеничко прашање интенцијата што се однесуваше моето барање за поднесување на информација, одговорот тука е сведен само на три реченици. Јас користам прилика , тука е и министерката за образование дали е во прашање некое недоразбирање.

**ЕМИЛИЈА СИМОВСКА:**

Бидејќи во врска со овој проблем имаше навремено доставено и пратеничко прашање и прашање за доставување на информација, ние направивме една информација, меѓутоа, доколку пратеникот не е задоволен можеме писмено да ја дополниме со она што тој го бара.

**ЌЕНАН ХАСИПИ:**

Воопшто не се работи за незадоволство, ниту имам намера тоа писмено и понатаму да го покренувам, со оглед на тоа што од тогаш до сега измина огромен период и во процедура се законски акти во сферата на образовно - воспитниот процес, па према тоа натамошното инсистирање нема ништо битно да измени.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор?(Никој). Преминуваме на поставување на пратенички прашања. Дали некој од пратениците сака да постави прашање до Владата на РМ, односно до министрите и другите функционери кои раководат со органите на управата?

**БОРИС ПАВЛОВ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници, јас сакам да поставам две прашања до министерот за стопанство.

III/7.-

Првото, дали е точно и ако е точно кој дозволил рееопорт на раноградинарски производи, после забраната на увоз за краставици знаеме од 17 февруари оваа година и за доматите од 15 март 199 5 година и дали е точно тоа е една количина од 1.500 тона и дозволите да се дадени исклучиво на фирми од Гевгелија и второто прашаше кога ќе се исплати разликата меѓу заштитната и откупната цена на тутунот. Барам одговорот да се даде на оваа седница, ако е можно усмено.

**РИСТО ИВАНОВ:**

Согласно укажувањето од Комисијата за земјоделство, денеска имаше информација од Комисијата за земјоделство, како што беше кажано од страна на пратеникот, согласно надворешно - трговскиот режим забрането е било каков увоз на домати, односно на земјоделски производи во Македонија, почнувајќи од 1 март 1994 година и врз основа на тоа воопшто не е дозволен реекспорт ниту е даден реекспорт. Меѓутоа, поради укажувањата што беа дадени уште на 8 јануари односно на 8 јуни и на 19 јуни со укажување на Владата беше кажано дека без разлика од каде ќе излезе документ не смее преку граничната линија да помине никаква количина. И при тоа е дадено задолжение да се утврди прашањето и јас би сакал ако може да се дозволи од одреден временски период да се даде точна информација со име и презиме што поминало преку граница. За тоа би требало непосредни информации од теренот.

Што се однесува до откупот на тутунот, исто така беше дадена информација , со одлука на Владата од 22.05.1995 година, утврдено е врз основа на Програмата за републички стокови резерви во износ од

260 милиони денари се врши продажба , односно откажување од Програмата за стокови резерви и тие средства да бидат обезбедени за исплата на разликата. Меѓутоа, со консултации со Министерството за финансии, според динамиката на приходите што се во Буџетот беше укажано дека тие средства што се утврдени како извори на стапки на приходи ќе можат динамично да се користат од 1 јуни. Значи делот на затворање на средства во рамки на Буџетот, она што е утврдено од Собранието е даден таков предлог и направени се договори со откупните организации на кој колку треба да се исплати разлика. Прашањето останува согласно приливот на средства во Министерството за финансии тоа да се реализира.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали г-динот Павлов е задоволен од одговорот?

(задоволен е).

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани дами и господа пратеници, моето прашање е во однос на водоснабдувањето на општина Свети Николе, а прашањето е наменето за ресорното Министерство за урбанизам, градежништво и заштита на човековата околина, односно до Владата на Република Македонија.

Состојбата е критична, зборувам затоа што временски период е лето, таква е состојбата, така што органските материи се распаѓаат и она што беше можно да се испегла и да се подобри во водата која се користи строго наменски за пиење е во критична фаза, така да целиот град е ставен во една мобилност и моето барање и прашање е до Министер-

ството да се интервенира со тие 15 милиони денари кои служат за интервенции. За подобро образложение стои дека сите инспекции и сите анализи на водата се загрижувачки, така да градот е ставен во една немилост и бараме интервенција од ресорното Министерство, затоа што заради паралела состојбата во општината е таква, така што општината има Буџет од 100.000 германски марки, а да се уфрлат нови количини од Калиманци, каде што ќе треба да се внесат некаде 600-700 илјади кубици вода, одредена цена чини некаде 8 милиони нови денари и допумпување и препумпување, тоа се двапати трошоци на електрична енергија, така да се потребни најмалку 10 до 11 милиони нови денари. Во овој момент општината не може, а и стопанството ова не може да го поднесе.

**ЈОРГО ШУНДОВСКИ:**

Во Буџетот на Министерството за урбанизам, градежништво и заштита на животната средина предвидена е стапка за изградба на селски водоводи во разделот во капитални трансфери во висина од 8 0 милиони денари. Од тие средства во висина од 62 милиони денари, со посебна програма Владата ги распредели тие средства. Останаа околу 18 милиони денари кои служат во овој момент за разни интервенции од поситен карактер во општините и селата. И тие средства такви какви што се со таа големина во иднина ќе бидат разделени со посебна програма на Влада се разбира према приоритетите на оние кои барање средства. Така да вашето барање треба да го проследите до Министерството за урбанизам, ќе биде разгледано, ќе бидат измерени околностите околу неговата точна примена и точна висина на средства кои треба да се предвидат и за тоа ќе се расправата на посебна седница на Влада.

III/10.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали сте задоволни од одговорот, г-дине Даневски?

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Од одговорот сум задоволен, само средства треба да се обезбедат.

Има збор г-дин Борис Костаќев.

IV/1.- JJ/ВБ

**БОРИС КОСТАЌЕВ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници, причина или повод за моето пратеничко прашање е увозот на домати од Република Турција во периодот кога со Одлука на Владата тоа беше забрането. Во времето од 5 мај до 6 јуни само на граничниот премин кај Ново Село внесени во нашата земја 16 шлепери домати за што се поседува и документ и дел од тие домати се експортирани а дел се останати во Македонија а оние во реекспорт се однесени во соседна Србија како македонска стока. Потег со кој нагло падна цената на доматите со што се предизвика огромен револт кај земјоделците од мојот крај, гевгелискиот, а убеден сум дека тој револт е голем и кај земјоделците од валандовскиот, струмичкиов регион, поточно секаде каде што се произведуваат раноградинарски култури. И со право земјоделците не можат да си ги покријат трошоците, основните трошкови на производството, оние за семенскиот материјал, за вештачкото ѓубре, за заштитните средства, а да не зборуваме за наводнувањето и за данокот. Со право се револтирани и заради тоа што тие се во моментот најсиромашниот дел од населението а нашата земја е претежно земјоделска. Тие не можат да бидат ниту стечајни работници, ниту предвреме да одат во пензија. Нешто слично се слуша дека се случува деновиве и со бостанот.

Прашањето гласи: Кое министерство дали она за стопанство или она за земјоделство ги издава дозволите за увоз односно сертификатите за реекспорт и која е одговорноста на луѓето што тоа го направиле. За мене, а верувам и за многумина од вас симптоматично е и тоа што луѓето кои што ги водат овие две министерства се од истата партија. Одговорот го барам во писмена форма.

IV/2.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Одговорот ќе биде даден во писмена форма.

Има збор пратеникот Нано Ружин.

**НАНО РУЖИН:**

Господине потпретседателе, дами и господо, моето прашање е од најзначајната споредна работа на светот, фудбалот, а се однесува на следново: фудбалскиот клуб "Победа" од Валандово го освои првото место во втората лига - исток и во рамките на повеќе комисии кои што работат во Фудбалскиот сојуз на Македонија кои што ја прогласија "Победа"од Валандово за првак и за легален член на првата лига, меѓутоа на тоа се спротивставува Фудбалскиот сојуз на Македонија,изнесувајќи дека има некои криминални дејствија, потплатувања итн. Прашањето е до министерката за образование и физичка култура и евентуално до Министерството за внатрешни работи во смисла на тоа дали навистина постојат такви работи и врз основа на што,ако не постојат, врз основа на какви докази Фудбалскиот сојуз на Македонија ја прави односно ја донесе оваа одлука.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Одговорот го барате на писмено или усмено.

**НАНО РУЖИН:**

И писмено и усмено.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-ѓа Симовска

**ЕМИЛИЈА СИМОВСКА:**

Министерството е запознаено со овој проблем уште пред еден месец, иако дел од овој случај спаѓа во онаа сфера што претставува автономија на фудбалските сојузи, можам да ве информирам дека

IV/3.-

Министерството може да ја поддржи оваа иницијатива што е покрената и е во тек на .одредена истрага на некои сознанија што ги имаме во однос на некои можни криминални дејствија, кои не се, а можеби и се, во соработка со Министерството за внатрешни работи. Ќе добиете писмена информација штом ги добиеме сознанијата.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Барате ли дополнително прашање или сте задоволни.

**НАНО РУЖИН:**

А што ако не се докаже ништо, а "Победа" од Валандово не влезе во првата лига.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ќе добиете писмен одговор.

Има збор г-дин Благоја Стојковски.

**БЛАГОЈА СТОЈКОВСКИ:**

Јас не сум за фудбал јас сум за бокс. Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници имам две прашања до Владата.

Прво, кога Владата ќе ја реализира земената обврска за отворање пат према село Магленце. Како што ми е одговорено на моето прашање уште во март, бидејќи до ден денеска се уште не е за- почната работата, односно и со изготвување на техничка документација - проект кој што мора да се направи затоа што патот ќе поминува покрај самата граница во целата своја должина со СР Југославија.

Второ, дали надлежното министерство, Министерството за финансии преку својата подрачна единица во Куманово има извршено контрола на организираните игри на среќа преку телевизиските станици што постојат во Куманово, игри на класичен начин, игри на среќа, со

продажба на среќки и со добивање на згодитоци. Прашањето е дали овие игри се организирани според постојниот закон за игра на среќа и дали се измирени сите давачки спрема државата?

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Барате во писмена или во усна форма.

**БЛАГОЈА СТОЈКОВСКИ:**

Писмена.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Здравко Стојковски.

**ЗДРАВКО СТОЈКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, моите прашања се кратки и тоа:

Прво, кои се критериумите за одредување на ридско - планинските подрачја, неразвиените подрачја, компактно или погранично подрачје. Информиран сум дека селата Саса 1 и Саса 2 во Делчевска општина не се евидентирани како погранични подрачја иако граничат со Бугарија. Прашањето е: "Кој донел ваква одлука, Влада, Министерство или Агенција и кога оваа грешка ќе се исправи".

Трето, ТВ претплатата службите на кои начин си ја соби- раат е општо познато. Некои плаќаат, некои не, а некои никако. Конкретно во претходниот месец покрај другите барања преку нашето прекинување на работат во рудниците Саса беше поставено и прашањето зашто ТВ претплатата се одбива на платниот список. Моето прашање е дали Судот постапил исправно бидејќи оној што не работи и оној во приватниот сектор и земјоделецот не мора да плаќаат затоа што кај нив нема платен список. Така тука мислам дека се онеправдани луѓето

Одговорот го барам писмено.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Бранирод Михајловски.

**БРАНИРОД МИХАЈЛОВСКИ:**

Почитувани пратеници, јас имам две кратки прашања и тоа: Прво, неодамна јавното претпријатие "Комуналец" од Битола ги зголеми цените на своите услуги што предизвика револт кај граѓаните. Прашувам зошто е зголемена цената на комуналните услуги и кој ја одобрува истата и какви се ингеренциите на Владата во регулирањето на оваа сфера од економската политика.

Второ, група граѓани од мојата изборна единица се интересираат дали треба да ги баждираат односно атестираат вагите увезен! од соседните земји и ако треба каде тоа да го направат затоа што тоа им создава дополнителни материјални тешкотии во извршувањето на нивната стопанска дејност.

Одговорот може да биде или писмени или усмен.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали претставникот на Владата ќе даде одговор.

**РИСТО ИВАНОВ:**

Согласно макроекономската политика за 1995 година на Владата на РМ, цените на комуналните услуги се на принцип на известување. Доколку претпријатието ги зголеми цените а притоа не добие односно не го извести Министерството аз стопанство дека извршило зголемување на цените и доколку во предвидениот законски рок нема оспорување на таквото зголемување на цените, тогаш би можеле да важат тие цени. Меѓутоа писмено би морал да одговорам дали такво барање од "Комуналец" е доставено до Министерството за стопанство и дали на тоа е даден одговор. Доколку е даден одговор дека нема услови за покачување на цените, тогаш ќе мора да се изјасни Владата дали цените

на комуналните услуги и понатаму ќе ги држи на принцип на известување и ќе се почитува оваа постапка или пак ќе се примени друг режим на цени за комуналните услуги.

Во однос на прашањето за баждарење се обратија група граѓани и им е доставен одговор од Секторот за стандардизација и им е појаснето на кој начин можат да извршат баждарење на мерните инструменти.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали имате дополнително прашање. (Не)

Има збор г-динот Бранко Арсовски.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

До Владата, почитувани пратеници ќе постават неколку прашања за кои што сметам дека се од витален интерес. Гледам дека Владата е во поголем состав и има повеќе прашања.

Прво, до министерот за земјоделие - кога Владата односно Министерството за земјоделие ќе го стави во процедура Законот за води. Јас ќе ви кажам дека овој закон за води има суштинско значење Морам да ви признам дека во рамките на сите изборни места низ целат Република каде што постојат системи има големи конфликти меѓу граѓаните и водостопанските организации. Тоа не е заради тоа што не се разбираат луѓето, туку заради тоа што ги оптоваруваме луѓето со големи давачки во однос на она задолжителен дел и делот што е врзан за потрошената вода. Така да се уште водостопанските организации ги оптоваруваат граѓаните. Вадел не вадел три ипол, знаеш она кумановски кажано. Што значи дека треба да учествува и тоа е едно големо учество на пари што нашите земјоделци производители немаат можност тоа да го подмират, а немаат против да има договор помеѓу водстопанската организација и граѓанинот околу користењето на водат без разлика на цената. Тука треба да настане договорен однос.

IV/7.-

Лично јас како пратеник го поставувам ова прашање затоа што ова прашање исклучиво може да се разреши само со носењето на овој закон и во рамките на тој закон да ги регулираме и овие односи.

Второ, дали е вистина се уште дека старосното земјоделско осигурување на земјоделските осигуреници, ова е упатено до Министерството за труд и социјална политика, се уште плаќаат придонес за ПИО, мислам на оние старосни пензионери кои што се пензионираат во рамките на законот до 1979 година. Имам голема поплака од поголем број, дали од знаење или од незнаење итн., не знам тука што посреди, јас не го проучив тој проблем, дали е вистина дека овие луѓе се уште се оптоварени со пензиско и инвалидско осигурување иако веќе имаат статус на земјоделски пензионери по оној основ, дури ако се сеќавате дека овој Парламент на предлог на неколку пратеници ја зголеми таа пензија да биде 50% од најниската пензија Многу битен проблем заради тоа што во РМ имаме околу 21.000 такви корисници. Ако постои таква дилема потребно е да се исправи.

Ова прашање го упатувам до министерската за образование. Посебно ме интересира бидејќи контактирам со повеќе школи, засега е еуфорија во Република Македонија да се изучува англискиот јазик. Каква е застапеноста на јазиците во РМ и дали навистина РМ ќе се определи за изучување само на англискиот јазик или таа треба да биде заинтересирана за повеќе јазици руски, француски, германски италијански, шпански итн. Меѓутоа има сега еден голем конфликт меѓу родителите, училиштата и Министерството. Најголема желба е на сите родители децата да им изучуваат англиски јазик. Ние немаме професори по англиски јазик, јас го тврдам тоа и можам да кажам многу примери, меѓутоа ми се чини дека Министерството за образован јас не знам со каква постапка, дали е тоа закон или со одлука регулирано процентуалното изучување на јазиците. Се залагам во РМ да се изучу-

ваат повеќе јазици, а некој јазик кој ќе биде да не кажам основен како англискиот јазик, нека се изучува, меѓутоа да не за- боравиме и на другите светски јазици.

Четврто, имам сознание, ова прашање е до Министерството за стопанство, дека во Република Македонија се внесуваат голем дел на витални производи врзани за брашно, зејтин итн. и ме поттикна една дискусија на еминентни стручњаци од оваа област и дојдов до констатација дека тие се сомневаат во квалитетот на овие производи и во нивната исправност. Прашање е дали имате еден таков увид и такви сознанија дека навистина имаме внесување на такви производи. Еве сега на пример за Битола се дискутира дека имаме големи количини на брашно што е во магацините, меѓутоа тоа е со сомнителен квалитет, дури што не може да се употребува. Тоа како едно сознание.

Петто, уште едно прашање кое што се однесува до Министерството за земјоделие. Сега е во ек жетвата, дали откупот на земјоделските производи, оние што се од витален интерес, пченицата и другото може државата да ги откупи заради тоа што, барем засега кога одам на терен се поставува прашањето- дали сме сигурни дека нашата пченица ќе биде откупена од соодветен организација или пак таа пченица ќе ја даваме на стока итн. и за други потреби, а не за она за што е наменета. Што има тука Владата преземено.

Шесто, Кога премиерот на Владата ќе ги предложи замениците на министрите во соодветните министерства, заради тоа што имам убедување дека замениците на министрите се уште не се избрани, а ми се чини дека помина еден добар период. Добро е веќе и Собранието и Владата тоа прашање да го разрешат.

IV/9.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Барате во писмена, усмена или во каква форма одговор Првото и последното прашаше бидејќи не се присутни министрите, веројатно ќе добиете одговор во писмена форма. Дали претставниците на Владата ќе одговорат.

Има збор г-дин Ристо Иванов.

**РИСТО ИВАНОВ:**

Јас за попрецизни податоци околу количина, време, кога е донесена посебна стока посебно се работи за брашното ќе добиете одговор писмен, бидејќи веќе околу три месеци се води една постапка на стопирана количина на брашно преку Републичката пазаришна инспекција, која што според првите органолептички карактеристики не одговара на квалитетот. Според постапката, пазарниот инспектор е должен само да не дозволи да се изврши царинење на стоката, а другите работи се предмет на санитарната инспекција и институциите кои го утврдуваат квалитетот. Јас морам да напоменам дека веќе три месеци се чека на мустрите што се дадени за да се утврди тој квалитет и се додека не се добие дозвола дека се исполнуваат тие услови за користење на тој производ, не може ни да се дозволи да бидат внесени во Република Македонија.

Во однос на прашањето за откуп на пченицата, исто така и тоа прашање беше на седницата на Комисијата за земјоделие. Таму беше доставена информација за тоа што се се предвидува од страна на Владата за откуп на пченицата и тука има определени предлози за потпомагање, еден вид, на откупните организации и да изврши откуп, еден дел што би можел да остане како вишок, да го откупат како да се изврши интервенција. Меѓутоа, јас не би сакал овде да давам точни информации бидејќи во петок е состанокот со откупните организации и производителите и согласно решенијата што ќе бидат усогласени,

Владата ќе донесе конкретни одлуки на тој план.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-ѓата Симовска.

**ЕМИЛИЈА СИМОВСКА:**

Факт е дека процентуалната застапеност на англискиот јазик е далеку поголема во однос на другите светски јазици што се изучуваат и дека е тоа резултат на досегашниот притисок кој го имаат направено пред се родителите во самите училишта. Одлуките се донесувани врз основа на одлуките на училиштата. Интенцијата на Министерството во секој случај не е да го прогласи за единствен странски јазик англискиот, бидејќи во тој случај за неколку години ќе треба да го затвориме Филолошкиот факултет на нашиот Универзитет. Една од идеите што ќе биде предложена во програмите кои што се во фаза на подготовки е на англискиот јазик, сепак, му оставиме една примарна улога заради покажаниот интерес да почне да се изучува и во нижите одделенија во основните училишта, додека во вишите одделенија во основните училишта ќе биде задолжително вклучен и втор светски јази На тој начин ќе ги задоволиме можеби и потребите на децата за изучување на англискиот јазик, но нема никако да ги занемариме и потреби за изучување на другите јазици.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

На другите прашања ќе добиете одговори во писмена форма.

Има збор г-дин Пеце Стојановски.

**ПЕЦЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници, сакам да поставам две прашања и тоа прво, дали Управата за јавни приходи на РМ е целосно конституирана и ако не е кога истата целосно ќе се конституира.

Второ прашање, од први јануари 1995 година до сега која количина на шверцувани цигари, алкохол и нафта е заробена од државните органи и што е направено со тие количини?

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали има претставник на Владата за овие прашања. (Нема)

Одговорите ќе бидат дадени во писмена форма.

**РИСТО МАСЕВ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги, прашањето го поставувам до Дирекцијата, на Царинарницата на Република Македонија во текот на 1994 година на два наврати беше распишан оглас за прием на царински работници ко>ј што оглас не се реализира. По тој оглас не се изврши избор на царински работници, но во текот на 1995 година на ниво на Дирекцијата на Царинарница на Република Македонија беа примени 17 нови. царински работници од кои што 10 за потребите на Царинарница - Струмица, односно испостава Ново Село и тоа на определено работно време, а без оглас.

Прашувам, по кои критериуми ,како и зошто за потребите на Царинарница - Струмица се примени без оглас 10 царински работници од кои што 9 работници од Гевгелија, а 1 од Струмица, а кои што работници од Гевгелија доаѓаат секојдневно на работа на граничниот премин Ново Село и поминуваат по 8 0 километри во еден правец, односно 160 километри дневно и дали државата има такви можности да плаќа секојдневно такви трошоци, дали нема кадри во општина Струмица да ја обавуваат таа дејност. Посебно заради тоа што во текот на овој месец има рас- пишано нов оглас за прием на овие царински работници, а за неопределен работно време. Барам да ми се достави писмен одговор.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Прашањето ќе биде проследено до директорот на управата.

**ИЛИЈА ГОЦЕВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги, моето прашање ќе биде до Министерството за стопанство, или земјоделие, или поточно до

V/2.-

Владата. Што планира Владата да преземе за да го заштити сточниот фонд и индивидуалните млекопроизводители од нивно намалување, или тотално уништување во општина Гази Баба. Имено извршениот откуп на млекото station наназад 6 до 7 месеци не е платен од страна на Млекарницата. Се работи за огромни суми до 15 илјади марки и постои опасност да дојде до уништување на сточниот фонд. Инаку општо познато е дека потребите за Скопје не се задоволени ниту со 30% од сопствениот сточен фонд на Републиката, односно на Скопје. Во овој период на транзиција и тешкотиите кои ги има во Млекарницата не овозможуваат да се исплатат овие пари, а цехот го плаќа индивидуалниот мелкопроизводител. Мислам дека Владата нешто на тој план треба да преземе како би се заштитил овој сточен фонд- Дотолку повеќе е тоа значајно што во тој дел гравитираат многу од технолошкиот вишок на загубарите и во оваа ситуација мислам дека е и шанса тоа сточарење и земјоделие да го стимулираме, а да не му правиме опструкции и кочници. Барам писмено да се одговори.

**ЈОВАН ЛАЗАРОВ:**

Почитувани пратеници, имам три парашања.

Првото прашање е за министерот за труд г-динот Сабриу. Прашањето се однесува на следното, кога една мајка породилка ќе отиде на боледување колку време се чека додека не и пристигне првото боледување, да кажам првите средства за боледување. Имаме информација дека тоа многу касни. И вториот дел од прашањето дали тоа понатаму редовно се исплаќа бидејќи имаме повторно информација дека и понатаму не редовно се исплаќа.

Второто прашање е до Владата, или до МВР, не знам до кого е дополнение на едно прашање кое што го поднесе Зоре Темелковски своевремено за јачината на звукот на џамиите. Стигна одговор и одговорот гласеше дека општинските судови за прекршоци не покренуваат постапка бидејќи звукот не е измерен во децибели колку е неговата јачина. Па прашањето е, дали во Македонија нема инструменти за мерење на јачината на звукот, односно дали Владата не дигнала раце од овој проблем.

Трето прашање е до министерот за стопанство, повторно е дополнение на едно мое прашање околу работното време на кафаните. Иако пристигна одговор со закаснување од два месеци, меѓутоа кога пристигна одговорот се објави во средствата за информриање и една недела се почитуваше тоа време, после објавувањето на одговорот, меѓутоа после таа недела како шлагер застана, веќе понатаму не се почитува. Повторно прашувам што Владата презема, или зошто не презема тоа редовно да се почитува.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Одговор ќе добиете во писмена форма.

**РИСТО ТРАЈКОВ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници, во име на корисниците на обичен бензин за наводнување на земјоделските површини од страна на земјоделците прашувам, зошто не се ослободени од данокот за патишта. Бензинот се користи исклучиво за наводнување на земјоделски површини, не се вози тој и не би требало да се плаќа данокот за патишта. Со тоа би создале услови овој бензин да биде со помала цена и би создале услови на земјоделците да користат бенифиции во тој дел.

V/4.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Одговор ќе добиете во писмена форма.

**ДИМИТАР ТРПЕНОВСКИ:**

До Министерството за градежништво и урбанизам како дополнение на поставеното прашање. За да ми биде појасно прашањето беше дали јавните здравствени организации кои што спаѓаат во секторот јаве! интерес плаќаат закупнина на формираните јавни претпријатија за својот деловен простор? Одговорено е дека според Законот должни се да плаќаат закупнина, меѓутоа со заклучок на Владата од 29.о5.1995 година на истородно барање од Министерството за образование и култура кажано е дека ќе се врши бенифицирање на овие сектори сместени во здравство и образование за 50%. Дополнителното прашање е, дали тоа се донесува и на здравствените организации? Тоа е едно.

Потоа, кажани се, наведени се таксативно функциите на јавното претпријатие согласно одредбите на Законот. Во едно од нив кажано е дека инвестиционото и тековното одржување на станбениот и деловниот простор. Овде станува збор и моето прашање се однесува за деловниот простор. Ме интересира колкава е таксата за тековното одржување и до колку тековното одржување си го плаќа корисникот, дали и тоа влегува во вкупната закупнина на цената на деловниот простор?

Потоа имам прашање до Министерството за труд и социјална политика. И покрај бројни прашања што ги имам поставувано во врска со материјата која повторно ќе ја повторам , одговорите ни се паушални и не ме задоволуваат. Па од тој аспект сакам сега да бидам поконкретен Дали и колку средства од Министерството за труд и социјална политика се исплатени на Фондот за здравство за првото тромесечие од 1995

година за невработените и социјалните групи?

Трето прашаше се однесува за Министерството за финансии. Согласно позициите на буџетот државата се обврза да го одржува колективното здравје, или здравјето на популацијата" операционализирано низ девет програми. Ме интересира дали воопшто се префрлени средства на Фондот за здравствено осигурување за оваа облигација на државата?

**ЈОРГО ШУНДОВСКИ:**

По однос на првиот дел од прашањето можам да кажам дека Владата со заклучок ги зголеми закупнините за 100%, а ги изузеде од ова зголемување на цените сите буџетски корисници освен буџетските корисници кои го преиздаваат во подзакупништво просторот, или оние кои се служат со таканаречената франшиза. Значи ако се гледа во суштина цената за закупнините за сите буџетски корисници е 50% поефтина од останатите кои ја плаќаат закупнината.

Што се однесува на вториот дел од прашањето, закупнината е составена од три елементи: од тековно одржување, амортизација на објектите и платите на луѓето кои работат во тоа претпријатие. Значи тековното одржување е во склоп на цената на закупнините.

**ЗВОНКО КАРОВ:**

Почитуван потрпетседателе, почитувани пратеници, имам две прашања кои мислам дека се поврзани едно со друго. Имено првото прашање се однесува за остварувањето на макроекономските агрегати за првата половина од годината, движењата на општествениот производ, индустриското производство, земјоделското производство, нивото на вработеноста , остварувањата на извозот и увозот и т.н. Тоа е првото пр-

ашање до Владата што секако има влијание и во поставувањето на второто прашање на остварувањето на буџетот за првата половина од годината. Мислам дека таков одговор треба ова Собрание да знае, веќе помина половина година од 1995 година, бидејќи тој е реформски буџет што ние го донесовме кој содржи и социјални карактеристики, што значи во расходната страна какво е распределувањето на средствата во тој дел на социјалата. Ми се чини дека посебно важно е остварувањето на буџетот во преговорите со меѓународните финансиски институции, бидејќи обврска беше онолку колку како приход што ќе оствариме од домашните извори такви ќе ни бидат и преговорите со меѓународните финансиски институции. Тоа може да биде и во писмена форма.

**ФАИК АБДИ:**

Господине потпретседателе, дами и господа пратеници, господо министри, сакам да поставам неколку прашања до Владата на Република Македонија.

Прво, колку граѓани земаат социјална заштита на социјално заштитно ниво од Заводот за вработување во Република Македонија. Колк граѓани од Република Македонија земаат социјална , здравствена и што ја знам што користат од центрите за социјални работи. Колку граѓани имаме евидентирано без работа воопшто?

Второ прашање имавме избори, нели имавме стар парламент овде, па сега добивме нов парламент, нови комисии, претседатели, потпретседатели, Влада, министри и т.н., но се уште имаме стар Совет за меѓунационални односи. Па ова е повик до претседателот на Републиката да побара мислење за состав на нов Совет за меѓународни односи.

Срамота е после толку време истиот овој Совет работи, но кога доаѓаат од странство луѓе, Европска заедница, па Европски парламент, па не знам Обединети нации итн., тоа е лошо, не чини тоа.

Од г-динот Јорго Шундовски сум известен многу одамна, еднаш беше кај нас на гости во Шуто Оризари, дека парите од Северна Рајна Вествалија од Германија за реинтеграција на ромите од Германија во Македонија се дојдени за комуналиите. Меѓутоа, тие се дојдени во вид на нафта и нафтени деривати, гориво. Сега тие пари се собрани од корисниците на нафта и нафтени деривати и се наоѓаат во градската каса. Никој ништо не кажува. Градската каса си ги држи , не се прав ништо таму, од комуналии не се прави ништо, патишта и т.н., односно улички, голем смрдеж, канализацијата извира од надвор, се гледа фекалија и т.н., зарем не е ова срамота? Кој знае, понекогаш зли јазици зборуваат да нема врска ова случајно со Ристиќевата палата и некои други палати . Ние не знаеме што е. Ова е прашање.

Околу образованието. Педагошкиот совет на Република Македонија уште пред две години донесе Одлука за учење на ромскиот јазик на факултативна основа од прво до осмо одделение. Сега пред малку зборував со г-ѓата министерка, ми рече дека распишале конкурс за тројца професори , ама ги нема. Немало тројца професори. Срамота. Не може да биде тоа точно. Ние некни на еден дел од Комисијата за меѓунационални односи расправавме и за комуналиите, за инфраструктурата, а и за образованието. Па испративме најмалку 10 описи између нас како партија и Владата на Република Македонија , мислам Министерството за образование и физичка култура. Дадовме релевантни документи кои што се однесуваа меѓу нас. Одржавме семинар кој го посетија 125 луѓе од кои 75 го положија и тоа со високо, више и средно образование и Педагошкиот совет донесе одлука врз база

V/8.-

на тој семинар и за нашите преписки и што знам, се учеше таму 5-6 јазика, јас не ги знам, историја на ромскиот јазик, ромска граматика, синтакса, морфологија, детска литература, практична настава и уште еден предмет,не знам, заборавив, не сум наставник.

**ФАИК АБДИ:** (продолжение) -

Ова треба Министерството за образование што побрзо да го ефектуира, доаѓа школската година. До кога децата ќе чекаат да учат на свој мајчин јазик, како изворно право од документите на Обединетите нации, ЌЕБС, Европски совет и сите други Европски институции и организации.

Оној ден кога не се прифати мојот амандман на Законот за трговија, македонската телевизија го опсервира тоа малку и кажа дека е тоа сива економија. Тоа што кажаа, кажаа, тоа се новинари, автономии се, никој не може да им каже друго нешто. Они сива економија, по мене не е сива економија, но не е тоа многу битно, меѓутоа веднаш после тоа еден од новинарите кажа дека се увезени во Република Македонија некои делови преку кои се пренесуваат нафта и нафтени деривати, и тоа на Сител ги имаше на екран од Персискиот залив преку цела Арабија, па преку цела Мала Азија, па Бугарија и Македонија еден дел, северозападен, еден крак. За што се работи?

Оттогаш наваму ништо не се зборува. Дали се работи за некоја афера, дали се работи за нешто друго. Чудна работа, интересно. И едно прашање - дали по неусвојувањето на денешниот мој предлог за измена и дополнување на законот за трговија, инспекцијата потпомогната, по асистенција на полицијата што фактички презема Реперсалии, ќе ги моли да си одат, или што? Што следува на тоа?

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Во писмена форма барате?

**ФАИК АБДИ:**

Ако може сега, сега.

VI/2.-

**ИЛЈАЗ САБРИУ:**

Сосема накратко во врска со првото прашање. во Македонија моментално без работа се 183 илјади и нешто, односно по прв пат бараат работа во Македонија, заклучно со април месец 1995 година 162 илјади 598 лица.

Невработени по основ на стечај 19.012. Во март месец во Република Македонија вкупно корисници на социјална помош 51.528 домаќинства, бидејќи ние ги водиме како домаќинства, а не како членови,а вие прашавте граѓани на Република Македонија. Ако одиме по пет члена, веројатно може да се добие колкав е тој број.

Односно износот на социјално заштитното ниво во месец март годинава за петочлено семејство изнесува 5592 денари.

По другите правни основи, овие што се во Завод за вработување примаат материјална помош 11.563 лица во Република Македонија Тоа е сега, моментално во месец март о.г., бидејќи за март месец им се исплатува и социјалната помош и другите права по основ на невработеност.

Доколку барате уште подетални информации имаме и други податоци ќе ви ги дадеме.

**ФАИК АБДИ:**

Напишете го и тоа.

**ЈОРГО ШУНДОВСКИ:**

Да не настане забуна околу поставеното прашање во врска со комуналното уредување на просторот во Шутгка јас би одговорил дека ова прашање е наменето повеќе за Градското собрание, кое ја изработува програмата за уредување на градскотоземјиште. Така, впрочем беше и констатацијата на г-динот Фаик. Инаку, јас би кажал дека точно е дека парите се стигнати од Северна Вествалија во вид на нафта и нафтени деривати. Тие се префрлени во Градското Собрание. Тоа е од

програмата ФАРЕ и тие пари се исплатени на некој начин уште во текот на минатата година, а при конціипирашето на програмата за уредување на градежно земјиште на град Скопје о.г., каде што Министерството за урбанизам, градежништво и заштита на животната средина има ингеренции, ингеренциите се во вид на согласност на таа програма, сугерираше програмата да се појача во делот за уредување на градежното земјиште во Шутка. Тоа е впрочем, и нашата единствена надлежност во оваа сфера.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, дали уште некој бара збор?

(Не).

Другите прашања ќе бидат одговорени во писмена форма.

Кој друг бара збор?

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господине потпретседателе, господа министри, колега пратеници

"Прво една генерална забелешка и воедно поддршка на дел од колегите пратеници, оние првите кои што практично на еден индиректен начин укажаа дека овој институт на пратенички прашања, дали свесно или несвесно го девалвираме. Го девалвираме од две причини.

Едната е што одговорите најчесто ги добиваме во писмена форма и многу покасно со тоа актуелноста на поставените прашања веќе го надминува времето.

Второ, барам јавна поддршка, повторно да се вратиме на методот една од седниците во текот на месецот да биде практично наменета за поставуваше на пратенички прашања, што ќе биде обврска за најголемиот број членови на Владата да бидат присутни и одговорите да бидат во усмена форма, се разбира, за оние што е можно. Затоа што, ние велиме пратеничко прашање значи и одговор. Се друго ако е

анализи, систематизации, елаборати тоа веќе е точка на дневен ред и треба да отвораме дискусија за тоа.

Конкретно опонирам на следното:

Многу граѓани реагираат зошто преносите од овие седници после 15 часот или не знам колку часот се префрлуваат на третиот канал, кој што најголемиот дел од Републикава не може да го следи. со тоа им е ускратена можноста за следење на седниците и мислам дека треба за ова да се поведе сметка.

Се придружувам кон прашањето на г-дин Илија Гоцевски дека прашањето на откупот на млеко не е специфично само на една општина. Во моментот е проблематично во целата држава, особено во тетовскиот крај каде што е и најголемиот производствен реон на свежо млеко и тоа исклучиво поради неконтролиран увоз, дури и со сомнителен квалитет на млеко од повеќе земји.

Жалам што тука нема претставник на Министерството за правда, има многу често прашања од витален карактер што ги доставуваме до 'ва министерство и не добиваме одговори, или одговорите каснат многу.

Зошто се уште не е изречена пресудата на учесниците на убиството на младинецот Васе Трпчевски во Тетово , затоа што помина една година откако убиството се случи, 15 јуни 19 94 година. Добивам информации еднаш не ќе дојде убиецот, слободно се движи, друг пат не ќе дојде адвокатот и така во недолгед. Еден сериозен случај со политичка заднина може и понатаму да внесува тензии. Не бараме ништо повеќе, во име на родителите и граѓаните судска одлука која што ќе ја донесе надлежниот суд. Ниту некому да му се одредува казна ниту да се ослободува, како судот ќе пресуди.

VI/5.-

До Министерството за образование две прашања Зошто не се реализира педесет годишниот јубилеј на тетовската гимназија, и уште едно прашање што не мора да биде до ова министерство.

Пред три дена на приватен телевизиски канал во Кичево рекламиран е конкурс за запишување на студенти во прва година на парауниверзитетот во Тетово.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Се разбира, за првото прашање деловничко право е, пратеничките прашања се поставуваат на почетокот на секоја седница освен Собранието ако не одлучи поинаку.

Има збор г-ѓа Симовска.

**ЕМИЛИЈА СИМОВСКА:**

Прославата на јубилејот не е реализирана, туку е одложена до септември, според мојата последна информација. Одложена е, како што и пратеникот знае, заради несогласување во протоколот односно несогласувањата во Одборот кој беше задолжен за програмата на прославата.

Последната информација што ја имам е дека е постигната согласност прославата да се одржи во септември, така како што била планирана на почетокот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Другите ќе бидат одговорени во писмена форма.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВ:**

Само една кратка интервенција.

Прашањето за упис на универзитетот не може да чека во писмена форма. Владата треба да каже кои мерки ќе ги преземе и до кога. Уписот ќе заврши и потоа писмена информација не ни треба.

VI/6.-

**ДРАГАН МИТЕВСКИ:**

Почитуван потпретседателе почитувани пратеници. Имам две прашања до Владата на Република Македонија.

Прво, и со донесувањето на Уставот на Република Македонија, а посебно со уставниот закон за спроведување на Уставот на Република Македонија каде е речено дека постојните сојузни закони се применуваат како републички до донесување на републичките закони. во ова група на закони влегуваат и оние од бласта на здравствената заштита на животните, а кои се уште не се донесени како републички.

со актуелниот закон од поранешна Југославија не е допуштено вршење на приватна ветеринарна работа односно не е дозволено отворање на приватни ветеринарни амбуланти. Со оглед на тоа што еден поголем број на ветеринарни лекари сега немаат работа и не може да се вработат во постојните ветеринарни амбуланти и други институции до Владата на Република Македонија го поставувам следното прашање.

Во која фаза се наоѓаат предлозите на законите од ветеринарно здравствената област и кога ќе бидат ставени пред Собрание на Република Македонија за нивно донесување и дали во предлогот се овозможува вршење на приватна ветеринарна пракса.

Второ прашање, во Куманово се донесувањето на законот за државјанство се создадоа доста состојби во одредени семејства во поглед на приемот на граѓаните во државјанство. Има случаи, и тоа доста случаи токму во мојата изборна единица, па по интервенција на граѓаните должен сум да го поставам и ова прашање до Владата на Република Македонија.

Во многу семејства кои живеат 30 и повеќе години во Куманово сопругот и децата добиваат државјанство а сопругата не добива државјанство од проста причина што немала лична карта со која ќе докаже дека повеќе од 15 години е жител на Република Македонија, односно на град Куманово. Вакви случаи има доста особено во семејствата што се доселени од Србија, меѓутоа тие граѓани живеат повеќе од 30 и 35 години, па барам Министерството за внатрешни работи да одговори што ќе преземе за решавање на ваквите случаи и на луѓето да им дозволи прием во државјанство на Република Македонија, бидејќи тие навистина се и државјани.

**ТРИТО ПЕТКОВСКИ:**

Се разбира ќе се одговори по писмен пат, бидејќи не се тука.

**КИРЕ ВИДИМЧЕ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници. Бои сакал да прашам зошто е воведена праксата стоката и робата која доаѓа со авион од надворешните земји, која се увезува во нашата земја обавезно мора да се царини на аеродромот. Не е можно таа работа да се царини како другите роби во царинските испостави што постојат кои постојат низ Републиката. Конкретно прашање зошто е воведена и до кога се мисли таа пракса да се воспоставува.

Кратко образложение. Во овој момент како што се поставени односите во тој дел ако некоја фирма сака да увезе роба, да ја донесе со авион и да ја царини таа фирма мора да испрати возило на аеродром, да се изврши царинењето, да се обезбеди сумата која треба да се плати, да се определи, па да се јави назад во матичната фирма, по телефон и тие преку службата за општествено книговодство да извршат уплата и петтиот примерок да го донесат на аеродром за да се подигне робата. Мислам дека претерано се искомплексирано работите и молам за одговор.

VI/8.-

**ДУШКО НИКОЛОВСКИ:**

Првото прашање ни е до министерот Ристо Иванов министер на Министерството за стопанство.

Прашањето гласи: Дали Владата или Комисијата имаат намера да, или размислуваат да се изготви извештај за Законот за загубари и какво е нивното мислење во однос на продолжувањето на времетраењето и функционирањето на Законот на 2 5-те загубари.

Ова го предлагам со едно кратко образложение.

Имајќи предвид дека делегираните претставници од страна на Владата кај голем дел од членовите каснеа кај некои можеби и до два ипол месеци. Кај голем дел од фирмите беше тешко решавањето на инструментот, на поддршката за обезбедување на обртниот капитал.

Трето, мислам дека и воведувањето на основната документација за следење на финансовите резултати каснеше.

Второ прашање, до Министерот Благоја Ханџиски. Имајќи предвид дека активностите на Универзитетот се започнати, а поаѓајќи од специфичноста на функционирањето на законот кој го донесовме овде за формирањето на воената академија добро би било да се добие одговор на прашањето дали благовремено сите активности кои се нужни и кои се неопходни да се стават во функција, имајќи ги предвид специфичностите самата воена академија да проработи навреме, поаѓајќи од состојбата и од интересот пред се на луѓето кои што се заинтересирани во оваа ситуација да конкурираат.

Трето прашање, до Јорго Шундовски, - дали може да се обезбеди одговор на прашањето за структурата и намената на средствата а кои се предвидени или наменети за трошење до крајот на годината, а се обезбедени од изворите на средствата на Швајцарија.

**РИСТО ИНВАНОВ:**

Законот за 25-те загубарен е јасен и временски ограничен. според тоа Комисијата воопшто не смета дека треба да се пролонгира извештајниот период односно со 30 јуни дека треба да се направи првиот пресек.

Друго е прашањето кога ќе се оценуваат резултатите за тие шест месеци, што како аргумент ќе биде земено предвид, бидејќи со концептот на законот до 17 јануари најголем дел претпријатија беа растеретени од поранешните обврски и во прв план сега во овој момент е извештај и пратење на работата во делот на финансиското и организационото преструктуирање. Заради тоа сметаме дека не може да дојде до пролонгирање на тој закон а друго е прашањето кога ќе се прави оценка од секое претпријатие што би било земено како олеснителна околност.

Втора работа, исто така, има каснење во делот на консултантите што треба да дојдат од светската банка. Се предвидуваше тие да почнат заклучно од 1 март, меѓутоа, тоа се пролонгира некаде до 15 јуни. Може би околу тој дел ќе има проблеми, но извештајниот период мора да биде 30.06. за да можеме да ја запазите динамиката од Законот.

Доколку има одредени оправдани причини тие ќе бидат предложени на Владата, таа да процени дали ќе има пролонгирање на тој период.

VII/1 Пј/ЛБ

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господин Ханџиски

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Ние уште во општата расправа за време на донесувањето на законот потсетивме дека овој закон ќе беше донесен уште во минатата година, а тоа значи дека се очекуваше подготовките да бидат завршени за стартување на Академијата во учебната 1994 - 1995 година. Затоа, ова година кога го донесовме законот повторивме дека сите подготовки од технички карактер, да не ги набројувам, од простор, училници итн, се завршени, веднаш по донесувањето на законот е формирана во согласност со законот матична комисија, која што има задача да ги заврши подготовките во поглед на донесувањето на наставни планови и програми и изборот на наставници. Таа процедура тече, ќе биде подготвено се што е потребно и предвреме и веќе вчера и денеска конкурсите за запишувањето на питомците во Академијата се објавени во Нова Македонија во Флака и Бирлик. Според тоа, со еден збор одговорот е дека се ќе биде спремно за редовно отпочнување со дејност на Академијата во учебната 1995-1996 година.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ;**

Господинот Шундовски.

**ЈОРГО ШУНДОВСКИ:**

Она што можам како сознание досега по однос на понудената донација на средства од Швајцарската влада е тоа што големината изнесува 8.000.000 швајцарски франци а преговорите за структурата на доделуваната помош се уште траат и од прилика се уште не се знае точниот список на оние инвестиции кои ќе бидат финансирани. Она што сега засега се знае е тоа дека од тие средства околу 2.000.000 швајцарски франци ќе бидат доделени за заштита на Охридското езеро или за доизградба на колекторскиот систем и станиците за прочистување на водата. Така, остануваат се уште преговорите да се завршат, па да се

одреди точната структура на тие средства.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господин Мирко Иванов.

**МИРКО ИВАНОВ:**

Почитуван потрерседателе, почитувани пратеници, почитувани господа министри. Имам три прашања.

Првото прашање е, дали сите претпријатија кои беа прогласени за загубари 25 треба да имаат повереник од Владата или не мора и ако мора зошто "Фротирка" од Делчево нема се уште поставено.

Второто прашање е дали овие кои уште пред пет години ги прогласивме, останаа без работа да кажеме од Социјалистички сојуз на работниот народ на Македонија, од комитетите кои ги презеде министерството за правда, потоа отидоа во заеничките служби, сега пак се вратија во Министерството за правда и земаат плата, не работат ништо, а останаа многу други вработени од претпријатијата, заминаа и технолошки вишок, отидоа и под стечај, а овие се уште така земаат плата, си одат по улиците и им сметаат на оние што сакаат да работат.

Третото прашање ми беше што го постави господинот Ристо Масев за околу прием за царински работници, бидејќи во Делчево има премин, таму работат царинарници од Гевгелија, мене не ми сметаат и ми се добри пријатели и добро ја обавуваат работата, но сепак мислам, тоа што го рече и Ристо Масев штета е да се плаќаат големи трошоци, тие спијат во хотел, секоја недела патуваат и мислам дека по три пропаднати конкурси треба да се примаат царинарници од Делчево за нив се тоа големи трошоци на државата. Прашањата можат да ми се одговорат усмено.

Г-дин Ристо Иванов.

**РИСТО ИВАНОВ:**

Во сите 25 претпријатија загубари има назначен управен од6ор во делот на фротирка Делчево навистина има некои неусогласени ставови и на прва седница ќе биде тоа реализирано.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

А за другите прашања?

**РИСТО ИВАНОВ:**

Одговор ќе дадам во писмена форма.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дин Шапуриќ

**ЗОРАН ШАПУРИЌ:**

Почитуван претседавач, почитувани пратеници, почитувани министри, на една од минатите седница јас поставив прашање до министерот за урбанизам во врска со упатството за издавање на одобрение за адаптација за пренамена односно решение за употреба на адаптација и пренамена на постојните објекти. Бидејќи добив само делумен одговор а прашањето е комплексно и се однесува до повеќе министерства, прашањата ќе ги усмерам до Владата со оглед на тоа дека во оваа постапка на издавање на разни видови одобренија се вклучени шест министерства.

Првото прашање во врска со ова упатство е зошто во случаевите кога се обавува иста дејност во ист деловен простор се менува само вршителот на дејноста, а пред да се добие оваа ХТП согласност исто така е неопходно добивање на дозвола за употреба, односно дозвола за пренамена од урбанистички аспект, кога во тој објект можеби само пред некој ден истите органи го издале тоа одобрение. Значи, целата псотачка се повторува.

Второ прашање во врска со ова упатство, зошто во случаевите кога во ист објект, во ист деловен простор ист вршител на дејноста врши пренамена на дејноста , која што може да биде и доста слична повторно

се повторува целата постапка. Повторно употребна дозвола односно дозвола за пренамена, повторно елаборати, повторно проекти, повторно безгранични трошоци.

Понатаму во одговорот што го добив од Министерството за урбанизам во врска со ова упатство се наведува дека е тоа во согласност со Законот за системот за просторно и урбанистичко планирање во 1985 година, односно законот за изградба на инвестициони објекти од 19 90 година. Прашањето е зошто кога овие закони важат повеќе од 10 години тие досега не се применувани , туку наеднаш почнуваат со упатство да се употребуваат, па дури и пред стапување во сила на законот за трговија кој што збори за еден вид употребни дозволи, меѓутоа не сосема во оваа смисла. Со донесување на ова упатство наеднаш илјадници и илјадници објекти во Републикава станаа дивоградба иако истите тие органи само можеби некој ден, односно некој месец или година издале дозвола употребна , односно дозволи за работа дека е се во ред.

На крајот, зошто во неурбанизирани средини, кои се неурбанизирани не по волја односно без вина на месното население кое живее во нив не може да се издаваат овие употребни дозволи, а без овие употребни дозволи не можат да добијат и други. Зарем во овие средини кои се неурбанизирани, главно, селски или приградски населби не треба задоволување на елементарни, животни потреби во смисла на аптеки итн. продавници за прехранбени продукти и сл. Со ова упатство кое што е неодамна донесено јас мислам дека се скратува и понатаму можноста за самовработување на работоспособно население. Знаеме дека огромен број имаме невработени што се зголемува од ден на ден, огромен број на стечајни работници кои што се испуштени од загубарите, така што со отпремнините, кои се и така минимални немаат никаква можност да отпочнат некоја нова работа. Од друга страна пак со ова

упатство се предвидува иста постапка и за објект од два квадрати за 2000 квадрати. Со тоа се предвидува низа проекти, низа елаботрати кои се доста скапи, а во некои случаи има дури 10 или 20% од вредноста на целиот деловен објект да отиде само на разно разни видови дозволи односно плаќање на елаборати,проекти итн. За ова барам писмен одговор и детална информација.

Имам уште едно прашање , а тоа е до министерот за здравство на 5. јуни оваа година дојде до избивање на отпадните води од Охис во вонканалот регионот на село Лисиче. Прашањето гласи , што е причинат. за изливање на овие отпадни води во овој регион, и што е досега преземено и кои се резултатите.

На крајот уште едно прашање до министерот за земјоделство, шумарство, водостопанство и министерот за здравство, дали се прекинати испитувањата на загадувањето на подземните води во регионот Драчево- Лисиче и кои се резултатите од овие загадувања. За ова барам писмен одговор со скица на подземните води.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дин. Милчо Трајков.

**МИЛЧО ТРАЈКОВ:**

Почитуван потпретседателе, дами и господа, само едно праша до министерот за стопанство. Тоа се однесува на законот за трговија, член 6. Таму таксативно наброено е која стока може да се продава на посебни пазари затоа. Прашувам што станува со текстилот од едноставно прашање што во подрачните единици за стопанство ставот е дека текстилот не може да се продава на тие посебни пазари, затоа што стриктно не е назначено во тој член 6. Значи, прашањето се однесува што стан^ ва после 3 август, дали на тие посебни пазари кои што до тогаш би требало да се формираат ќе може да се продава текстил. Би сакал директен одговор сега ако може.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дин Ристо Иванов.

**РИСТО ИВАНОВ:**

Во законот стои дека на посебно организирани пазари еднаш неделно ќе биде пријавен до подрачната единица може да се продаваат стари предмети и други производи. Согласно тоа еднаш во неделата на тие пазари може да се продаваат разни производи ако биде уредно пријавен пазарот претходно. И тоа еднаш неделно.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дин Соколовски.

**ВЛАДИМИР СОКОЛОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Владата и почитувани пратеници. Имам само едно прашање да поставам до министерот за градежништво и екологија , меѓутоа не е моментално тука и барам писмен одговор. Се однесува на средства во висина од 60.000.000 денари кои се предвидени за решавање на водата по општините во Републиката. Прашањето гласи по кои приоритети и критериуми се поделени овие средства од страна на Владата.

Исто така, се придржува до апелот на г-дин Стојановски дека Владата треба да ги ажурира писмените одговори до нас пратениците, бидејќи тие се декласирани кога каснат.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дин Тантаров.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Имам две три прашања , а првото се однесува за министерот за образование.

Пред 14 месеци во земјоделското училиште од Битола е избран директор со учество на сите структури од заедницата. Пред извесно време Владата не му даде согласност да ја врши оваа должност. Прашува кои се причините? Инаку станува збор за инженер Јанкуловски.

Второ, за Шундовски едно прашање кога ќе почне изградбата на водоводот спрема постојната граница со Грција. Кон ова подрачје гравитираат и неколку села кои што подолго време немаат никаква водата пиење.

И едно малку политичко прашање нашите соседи од север и југ скоро 4 години не викаат со името Република Скопје. Дали нашава дипломатија смета дека е потребно еден ден и ние да ги викаме со Република Белград и Република Атина.

На крајот не знам до кого ќе биде поставено ова прашање, дали во редовите на нашите министри и нашите пратеници има луѓе кои што нечесно си ги извршуваат своите задачи.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Значи, до сите е упатено ова прашање.

Пратеникот бара да му се одговори во писмена форма.

Г-дин Мешков.

**ЉУПЧО МЕШКОВ:**

Почитуван потрептседателе, почитувани пратеници и министри во Владата на РМ, јас имам 17 прашања, а ќе ги сведам во едно прашање. Тоа е прашањето упатени до министерството за правосудство. односно се однесува на една сериозна појава, а тоа е дека во стручната служба на фондот за пензиско и инвалидско осигурување пристигнуваат присилни решенија за извршување, запирање на износите на пензиите на име плаќање на надоместок за ТВ претплата на оние, се разбира корисници кои тоа не го направиле и сега имаме ситуација во едно место према оние преку кои е покрената постапка се извршува плаќањето, према други не и прашањето ми е дали вакви одлуки се носат еднакво и за другите граѓани, да речеме работници во претпријатија до претпријатијата за присилно извршување од нивните плати. Значи, тоа сега се чини на еден многу лесен начин, така да кажам односно фондот согласно законот е должен да ја изврши таквата судска одлука и да

изврши запирање на пензијата макар и .минимална пензија а прашањето ми е дали еднакво не само во правата туку и за обврските се постапува и према другите односно дали вакви присилни извршувања се прават и на платите во претпријатијата односно и према другите корисници на овој надоместок.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Одговор да се даде во писмена форма.

Дали има уште пратеници што сакаат да постават пратеничко прашање?

Г-дин Лазаревски

**МИРКО ЛАЗАРЕВСКИ:**

Почитуван потпретседател, почитувани министри, дами и господа пратеници. Бидејќи министерствата се ореоповарени со работа и на нашите прашања тешко и ретко одговараат, ќе го повторам прашање до Министерството за култура. Кога и како мисли да го направи простор за матичната и единствена библиотека на општина Гостивар. Сакам одговорот да биде во писмена форма, а меѓутоа да не биде во бесконечна форма.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој друг бара збор?

Г-дин Панче Минов.

**ПАНЧЕ МИНОВ:**

Почитуван потрептседателе, почитувани пратеници, прашањето го поставува до Владата , а по своето значење поточно би го лоцирал и до премиерот. Се однесува на едно мое претходно поставено прашање во мандатот на претходниот состав на парламентот по однос на воведувањето на камата на обврската за плаќање на електрична енергија. Ние сме прогласени за социјална држава и во услови на голема недисциплина и финансиски тешкотии на исплата на платите на

пензиите, па и на социјалните примаша и финансиски тешкотии, голема недисциплина и финансиски тешкотии на исплата на платите, на пензиите па и на социјалните примања, имаме една ненормална состојба на воведување на обврска за плаќање на камати на ненавременото исплатување на електричната енергија, а ќе потсетам во прилог на ова дека не е во ред и како што се и званичните информации или нема или е многу ниска инфлацијата во РМ.

Прашањето до Владата е дали Владата, тргнувајќи од социјалниот карактер на нашата држава смета за потребно и целисходно да влијае врз електростопанство на Македонија оваа мерка согласно претходните искажани аргументи да се укине од страна на јавното претпријатие на Електростопанство кое одговара пред Владата, доносноназдор над него врши Владата.

Второто прашање се однесува до, за жал, отсутниот министер Ханџиски, министерот за одбрана во законот за одбрана воведена е обврска при изградба на инвестициони објекти за плаќање на средства за засолништа за намена за одбрана. Дали министерот Ханџиски во смисла на спроведувањето на законот и подзаконските акти за одредувањето на висината на обврските за плаќање на засолништа има предвид и претстава за висината на износот што ги оптоварува носителите на изградба на инвестициони објекти за износот за засолништа, кои во многу случаи по општини го надминува и износот на обврската за комуналии за изградба на инвестициони објекти.

VIII/1.- лп/јс

**ПАНЧЕ МИНОВ**:(Продолжение)

Прашањето е дали по констатацијата за ваквиот ненормален износ, голем износ на потреба од плаќање на средства за засолништа, нема потреба на предлог на министерот да се спроведе измена и дополнување на соодветниот подзаконски акт за обврската на носителите на инвестиции за плаќање на средства за засолништа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој сака да постави пратеничко прашање?(Никој)

Поминуваме на претрес по првата точка од дневниот ред - Предлог на закон за експропријација.

Пред тоа, молам да добиеме информација колку пратеници се присутни во салата.

(По пребројувањето на присутните пратеници)

Имаме кворум за работа.

Преминуваме на **првата точка** - Предлог на закон за експропријација.

Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Комисијата за градежништво и урбанизам поднесе амандмани на член 2 став 1 алинеја 12, член 15 точка 5, член 45 став 1, и на член 45 став 2, по кои Владата не се произнела.

VIII/2.-

Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство поднесе амандман на член 22 став 4, по кој Владата не се произнела.

Законодавно - правната комисија поднесе амандмани на член 2 став 1, член 13, член 19, член 20 став 2, член 45 став 1, и на член 48 став 2, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Мевљан Таири и Сејфедин Харуни поднесоа амандмани на член 22 за бришење на став 4, член 45 став 1, и за додавање на член 50-а, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Мерсел Биљали, Абдулади Вејсели и Насер Зибери поднесоа амандман на член 19, а пратениците Абдулади Вејсели и Исмет Рамадани и Мерсел Биљали поднесоа амандман на член 31 став 1 по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 2 став 1, поднесен од Законодавно - правната комисија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Јорго Шундовски.

**ЈОРГО ШУНДОВСКИ:**

Владата го прифаќа предложениот амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 2 став 1, алинеја 12, поднесен од Комисијата за градежништво и урбанизам.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Јорго Шундовски.

**ЈОРГО ШУНДОВСКИ:**

И овој амандман Владата го прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 13 поднесен од Законодавно правната комисија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Јорго Шундовски.

**ЈОРГО ШУНДОВСКИ:**

И овој амандман се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 15, точка 5 поднесен од Комисијата за градежништво и урбанизам.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Јорго Шундовски.

**ЈОРГО ШУНДОВСКИ:**

И овој амандман се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 19 поднесен од Законодавно - правната комисија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Јорго Шундовски.

**ЈОРГО ШУНДОВСКИ:**

И овој амандман се прифаќа.

Отворам претрес по амандманот на член 19 поднесен од пратениците Мерсел Биљали, Абдулади Вејсели и Насер- Зибери.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Јорго Шундовски.

**ЈОРГО ШУНДОВСКИ:**

Овој амандман Владата не го прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никоја)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака. Еден пратеник гласаше "за".

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 19 поднесен од пратениците Мерсел Биљали, Абудали Вејсели и Насер Зибери.

Отворам претрес по амандманот на член 20, став 2 поднесен од Законодавно - правната комисија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Јорго Шундовски.

**ЈОРГО ШУНДОВСКИ:**

Владата го прифаќа и овој амандман.

VIII/5 . -

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 22 за бришење на став 24 поднесен од пратениците Мевљан Таири и Сејфедин Харуни.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Јорго Шундовски.

**ЈОРГО ШУНДОВСКИ:**

Овој амандман не е прифатен од Владата.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака.

Четири пратеници гласаа "за".

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 22 за бришење на став 4 поднесен од пратениците Мевљан Таири и Сејфедин Харуни.

Отворам претрес по амандманот на член 22, став 4 поднесен од Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Јорго Шундовски.

**ЈОРГО ШУНДОВСКИ:**

И овој амандман не е прифатен од Владата.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака. Тројца пратеници гласаа "за".

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 22 став 4 поднесен од Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Отворам претрес по амандманот на член 31, став 1 поднесен од пратениците Абдулади Вејсели, Исмет Рамадани и Мерсел Биљали.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Јорго Шундовски.

**ЈОРГО ШУНДОВСКИ:**

Не е прифатен овој амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака.

Еден пратеник гласаше за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 31, став 1 поднесен од пратениците Абдулади Вејсели, Исмет Рамадани, и Мерсел Биљали.

Отворам претер по амандманот на член 45, став 1 поднесен од Комисијата за градежништво и урбанизам.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Јорго Шундовски.

**ЈОРГО ШУНДОВСКИ:**

Владата го прифаќа овој амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 45, став 1 поднесен од Законодавно - правната комисија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Јорго Шундовски.

**ЈОРГО ШУНДОВСКИ:**

Се прифаќа овој амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 45, став 1 поднесен од пратениците Мевљан Таири и Сејфедин Харуни.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Јорго Шундовски.

**ЈОРГО ШУНДОВСКИ:**

Овој амандман не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака.

Шест пратеници гласаа "за".

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член став 1 поднесен од пратениците Мевљан Таири и Сејфедин Харуни.

Отворам претрес по амандманот на член 45, став 2 поднесен од Комисијата за градежништво и урбанизам.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Јорго Шундовски.

**ЈОРГО ШУНДОВСКИ:**

Владата го прифаќа овој амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 48, став 2 поднесен од Законодавно - правната комисија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Јорго Шундовски.

**ЈОРГО ШУНДОВСКИ:**

Прифатен е овој амандман.

Отворам претрес по амандманот за додавање на нов член 50-а поднесен од пратениците Мевљан Таири и Сејфедин Харуни.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Јорго Шундовски.

**ЈОРГО ШУНДОВСКИ:**

Овој амандман не се прифаќа.

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање

Кој е за, молам да крене рака. Двајца пратеници гласаа "за".

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за додавање нов член 50-а поднесен од пратениците Мевљан Таири и Сејфедин Харуни.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на закон го ставам на гласаше

Кој е "за", молам да крене рака.

За Предлогот гласаа 59 пратеници.

Дали има некој против?(Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Молам, да бидеме информирани колку пратеници се присутни во салата.

(По пребројувањето на бројот на присутните пратеници во салата).

Значи некој не гласал, вкупно 66 пратеници се присутни. Шеесет пратеници гласаа "за" а 66 пратеници се присутни во салата.

<u>Констатирам дека Собранието го донесе Законот за експропријација</u>

Преминуваме на <u>**втората точка**</u> од дневниот ред - <u>Предлог на закон за дополнување на Законот за комуналните такси</u>

VIII/10.-

Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието и мислењето на Владата Ви се доставени односно поделени.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го закучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот. Пратеникот Благоја Стојковски поднесе амандман на член 7, став 1 во тарифниот број 12, по кој предлагачот на Законот не се произнел.

Молам, предлагачот, г-динот Беличев, да се прозине.

**ЉУПЧО БЕЛИЧЕВ:**

Предлагачите го прифаќаат овој амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот. Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на закон го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака.

Шеесет и три пратеници гласаа "за".

Дали има некој против?

Еден пратеник е "против".

Дали некој се воздржува од гласање?

Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Соб-

Еден пратеник се воздржува од гласање.

<u>Констатирам дека Собранието го донесе Законот за дополнување на Законот за комуналните такси.</u>

VIII/11.-

Преминуваме на <u>**третата точка**</u> од дневниот ред - <u>Предлог на закон за просветната инспекција.</u>

Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Ване Наумовски поднесе амандмани на член 4, став за додавање на нова алинеја по алинејата 3 и на член 28 за додавање нов став по ставот 2, по кои Владата не се произнела.

Комисијата за образование и наука поднесе амандмани на член 3, став 1, точка 5, член 3, став 6, член 4, став 1 за додавање на нова точка 15 и на член 28 за додавање на нов став 3.

Законодавно - правната комисија поднесе амандмани на член 3, став 1 за бришење на член 4, член 10, член 19 за бришење на став 3 за бришење на член 24 и на членовите 29 и 30, по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 3, став 1 поднесен од Законодавно - правната комисија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-ѓа Емилија Симовска.

**ЕМИЛИЈА СИМОВСКА:**

Се прифаќаат амандманите.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по. амандманот на член 3, став 1, точка 5 поднесен од Комисијата за образование и наука.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата. Г

о молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-ѓа Емилија Симовска.

**ЕМИЛИЈА СИМОВСКА:**

СЕ прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 3, став 1, точка 6 поднесен од Комисијата за образование и наука.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-ѓа Емилија Симовска.

**ЕМИЛИЈА СИМОВСКА:**

Се прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 3, став 1 за додавање нова точка 15 поднесен од Комисијата за образование и наука.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-ѓа Емилија Симовска.

**ЕМИЛИЈА СИМОВСКА:**

Се прифаќа и овој амандман.

VIII/13.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 4 поднесен од Законодавно - правната комисија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-ѓа Емилија Симовска.

**ЕМИЛИЈА СИМОВСКА:**

Се прифаќа и овој амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 4, став 2 за додавање нова алинеја по алинејата 3 поднесен од пратеникот Ване Наумовски.

Пратеникот Ване Наумовски го повлекува амандманот, немаме амандман.

Отворам претрес по амандманот на член 10 поднесен од Законодавно - правната комисија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-ѓа Емилија Симовска.

**ЕМИЛИЈА СИМОВСКА:**

Се прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 19 за бришење на став 3 поднесен од Законодавно - правната комисија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-ѓа Емилија Симовска.

**ЕМИЛИЈА СИМОВСКА:**

Се прифаќа и овој амандман.

VIII/14.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 24 поднесен од Законодавно -правната комисија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-ѓа Емилија Симовска.

**ЕМИЛИЈА СИМОВСКА:**

Се прифаќа и овој амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 2 8 за додавање на нов став по ставот 2 поднесен од пратеникот Ване Наумовски.

Пратеникот го повлекува амандманот, немаме амандман. Отворам претрес по амандманот на член 2 8 за додавање на нов став 3 поднесен од Комисијата за образование и наука.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-ѓа Емилија Симовска.

**ЕМИЛИЈА СИМОВСКА:**

Се прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на членовите 29 и 30 поднесен од ЗПК.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЕМИЛИЈА СИМОВСКА:**

Се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (67 пратеници)

Кој е против?(Никој).

Кој се воздржува од гласање?(Никој).

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за просветна инспекција.

Минуваме на **точката четири** - Предлог на донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за данокот од добивка со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон, со Предлогот на закон и извештаите на работните тела на Собранието и Мислењето на Владата ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор?(Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за данок на добивка.

Кој е за овој Предлог - заклучок, молам да крене рака? (мнозинството пратеници)

Дали е некој против?(Никој).

Дали некој се воздржува од гласање?(2 пратеници).

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Кој е за, молам да крене рака?(мнозинство пратеници).

Дали некој е против?(Не).

Дали некој се воздржува од гласање?(2 пратеници).

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор?(Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по Текстот на Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор?(Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по Текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?(70 пратеници).

Дали има некој против? (Никој).

Дали некој се воздржува од гласаше?(3 пратеници).

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за данок од добивка.

Минуваме на **точката пет** - Предлог за донесување на закон за одликувања на Република Македонија.

Предлогот за донесување на законот и извештаите на работните тела на Собранието и мислењата на Владата ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес, молам кој бара збор?

**АЛЕКСАНДАР ИВАНОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници, пред нас се наоѓа Предлог за донесување на закон за одликувањето на РМ. Основ, оправданост, причина и потреба од донесување на ваков закон, постои поради постоење на правна празнина за регулирање на оваа област од моментот на прогласувањето на РМ како самостојна и независна Република Македонија. До тој момент оваа материја од оваа област беше покриена со Сојузен закон.

Со донесувањето на Уставот на РМ Сојузниот закон е вон дејствие, е суспендиран, така да од 1991 година до ден денешен постои законска празнина и се наметна неодложна потреба за донесување на ваков закон. Тргнувајќи од тие причини, а раководејќи се од основните принципи кои треба да бидат вградени од законот за одликувањата, јас како предлагач тргнав од принципите во законот да бидат вградени автентични вистинитост, законитост, добронамерност, изворност, принципот на негување на историските и културните традиции, како и

принципот секој граѓанин да има подеднакви услови за стекнување и право за носење на одликувањата. Тргнувајќи од тие принципи и изготвив и Предлог за донесување на закон со содржина која ви е доставена со Предлогот на дневниот ред. Во текот на претходните денови Комисијата за политички систем на Собранието на РМ, ЗПК како и Владата на РМ со одредени укажувања кои се дадени во извештаите и мислењето на Владата е прифатен предлогот за донесување на закон за одликувањата на РМ, а јас како предлагач изјавувам дека укажувањата кои се дадени од Комисијата, како и вашите со сигурност добронамерни предлози и сугестии ќе бидат од моја страна со соодветен респект разгледувани, прифатени и вградени во Предлогот на законот. Сметам дека ваков закон каков што е предложен претставува солидна и одредена коегзистентност на законот и предлагам да го прифатите како таков.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор?

**JОВАН ЛАЗАРОВ:**

Почитувани пратеници, сакам да укажам на еден момент кој беше на расправа во Комисијата за политички систем. Во овој Парламент стана пракса доколку некој пратеник предложи закон, тој закон редовно не се прифаќаше од страна на Владата и овде во Парламентот. Комисијата цени дека на тој начин ние ги обесхрабруваме понатаму пратениците да предлагаат и подготвуваат закони. Денеска имаме закон за пушење кој беше предложен од г-динот Никола Поповски, го симнавме поради негово отсуство, но се надевам дека тој ќе помине и Комисијата предлага да го прифатиме овој закон ваков каков што е предложен, затоа што цениме дека е на еден убав начин подготвен и може да ја помине

првата фаза. Имаше забелешки кои ги добивте во писмена форма, јас не би ги повторувал, но еве повикувам во име на Комисијата да го прифатиме овој закон и тој закон да се усвои во две фази, а во меѓувреме сите предлози како што изјави предлагачот можат да бидат вградени во Предлог - текстот на законот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор?(никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Прво, Собранието го усвои предлогот за донесување на закон за одликување на Република Македонија.

Второ, предлагачот на законот ќе изготви и на Собранието ќе му достави Предлог на закон, при што ќе ги има предвид мислењата и укажувањата содржани во извештаите на работните тела на Собранието како и укажувањата од расправата на самава седница.

Трето, овој заклучок заедно со извештаите на работните тела на Собранието на РМ и стенографските белешки од расправата на седниците на Собранието на РМ да се достави до предлагачот, пратеникот Александар Ивановски.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака? (68 пратеници).

Кој е против?(Никој).

Дали некој се воздржува од гласање?(Не).

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

IX/6.-

Минуваме на **<u>точката шест</u>** - <u>Именување на заменик на Народната банка на Република Македонија.</u>

Предлогот на гувернерот на Народната банка на Република и Мислењето на Комисијата за избори и именување ви се односно поделени.

Отворам претрес, молам кој бара збор?(Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот м-р Томе Неновски да биде именуван за заменик на гувернерот на Народната банка на Република Македонија го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?(67 пратеници)

Дали има некој против?(Не)

Дали некој се воздржува од гласање?(Не).

Констатирам дека м-р Томе Неновски е именуван за заменик на гувернерот на Народната банка на Република Македонија.

На заменикот на гувернерот на Народната банка на РМ, Томе Неновски, му го честитам именувањето и му посакувам успешна работа.

Минуваме на **<u>точката седум</u>** - Извештај за работа на Агенцијата на Република Македонија за трансформација на претпријатијата со општествен капитал во 1994 година и до 31 март 1995 година.

Извештајот поднесен од Агенцијата, Извештајот поднесен од Владата како и извештаите на работените тела на Собранието ви се доставени , односно поделени.

IX/7.-

Отворам претрес, молам кој бара збор?

**ЗВОНКО КАРЕВ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници, Имајќи ги предвид утврдените рокови за трансформација на претпријатијата, согласно законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал и тоа донесување на одлуки за трансформација во рок од една година за малите и средните претпријатија и рокот договорен со Агенцијата за големите претпријатија кои не може да биде подолг од две години од денот на влегувањето во сила на овој закон и од денот на влегувањето во сила на методологијата за процена на вредноста на претпријатијата, како и за претпријатија што извршиле трансформација според законот за општествен капитал,по стариот закон кои рокови течат од денот на известувањето на претпријатието за извршена контрола , односно ревизија , но не подолго од две години од донесувањето на новиот закон. Состојбите секојдневно се менуваат како и активностите на Агенцијата добиваат на интензитет, бидејќи тие рокови завршуваат за малите и средните претпријатија, фактички кон крајот на овој месец. Тоа укажува на потребата за информирање на Собранието повеќе отколку што е обврската на Агенцијата за поднесување на годишен извештај , бидејќи сметам дека правата приватизација и ефектите од процесот на трансформацијата треба да се видат допрва.

Почитувани пратеници, вкупниот број на претпријатија што ќе се трансформираат врз основа на законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал изнесува околу 1.517 претпријатија. Бидејќи Агенцијата го води процесот на приватизацијата

за целосно согледуваше на состојбите , очекуваат од Извештајот податоци кои мислам дека можат да дадат поцелосна слика за веќе отпочнатиот процес на приватизација.

Со извештајниот. период за издадените решенија од Комиси- јата на Владата за 163 претпријатија не можеме да видиме податоци за изборниот модел на трансформација на тие претпријатија. Ми се чини крупен недостаток во Извештајот од кој зависи колку тој општествен капитал останат за продажба , како и согласно моделот колку и кога ќе биде очекуваниот приход на државата на така отпочнати и приватизирани претпријатија. Немаме согледуваше и за книговодствената вредност на тие претпријатија. Исто така од завршените контроли на Управата за јавни приходи за 418 претпријатија е решение на Агенцијата за 332 претпријатија кои веќе очекуваат и решение од Комисијата на Владата не можеме да видиме кој е капиталот на тие претпријатија и која алтернатива или модел на трансформација е кај нив избрана колку од тој капитал ќе оди во делот на пензиско и инвалидско осигурување и кој ќе биде општествениот капитал понатаму за продажба. Колку од тие претпријатија ја отпочнале постапката по стариот закон, колку има приватизирано по тој закон и колку општествен капитал за продажба останува согласно избраниот модел,кога се очекуваат ефектите и финансиските средства од тие претпријатија, имајќи во предвид дека тие имаат некаде околу 400 претпријатија добиено решение од Агенцијата, а не поминати на Комисијата на Владата, мислам дека се располага со такви податоци.

Почитувани пратеници, во Извештајот отсуствува и барањата на Агенцијата кои ги има поднесено согласно член 106 од Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал кои треба да

покажат и што кажуваат добиените извештаи од спроведените контроли за законитоста и исправноста на спроведување на постапката , како и контрола на исправноста на сметководствените искази, законитоста во водењето на постапката на овластените органи и овластените физички лица. Бидејќи голем е револтот на работниците кои од таквите постапки се револтирани, не информирани и манипулирани, а сето тоа кај нив ствара одборјност за процесот на приватизацијата и вкупните реформи во земјата. Ние мораме да го имаме и мислењето од Агенцијата за претпријатијата што потпаднале под стечај и бројот на тие претпријатија е многу поголем отколку што е во извештајниот период. Тоа значи дека планираните ефекти од приватизацијата за тие претпријатија се одлагаат , бидејќи не може да се претпостави колку од тие претпријатија по завршување на постапката ќе имаат општествен капитал за продажба. Во практиката има појави кои ги одвраќаат граѓаните , ди- ректори што едни фирми довеле во стечај се именуваат за стечајни управници во други фирми, а граѓаните се сомневаат дека тие луѓе доаѓаат во тие фирми за да ги подготват за приватизација. Има добар дел од претпријатијата што зависно изборниот модел на трансформација не можат работниците да го стекнат управувачкото право како и претпријатија кои не донеле одлука за трансформација, согласно пропишаните рокови, согласно законот и во таков случај Агенцијата ја презема постапката за трансформација на општествениот капитал во тие претпријатија.

**ЗВОНКО) КАРОВ :** (Продолжение)

Работниците во тие претпријатија можат да купат согласно одредбите од Законот најмногу 30% од вредноста на акциите, односно уделите што ги издава претпријатието каде што се трансформира со 30% основен попуст од номиналната вредност зголемена за секоја година стаж со што износот на купените акции со попуст не може да го надмине износот од 25.000 германски марки.

Што ќе се случи, кога првпат се соочуваме со трансформацијата кога веќе треба да се отпочне со трансформирање со свежи пари, свеж капитал, работниците кои работат во тие претпријатија долго години не можат да го остварат тоа право, едноставно немаат пари, па понатамошната постапка за продажба на општествениот капитал ја води Агенцијата. Имајќи ја предвид висината на капиталот на тие претпријатија, обично препорачан модел е продажба на лица ко: го преземаат управувањето на претпријатието или таканаречени менаџерски тимови.

Во понатамошната постапка она што не очекува од месец мај или за големите претпријатија до декември месец 1995 година, откупно од 10 односно 20% во зависност од големината на претпријатието, менаџерите откупуваат 10 или 20% од проценетата вредност на претпријатието. меѓутоа, наивно е доколку се смета дека тоа значи успешен почеток на трансформацијата. Таквата констатација произлегува од сериозноста на проблемите на кои што треба да им се посвети посебно внимание на она што не очекува.

критериумите и тоа цврстите критериуми во оцена на она што значи квалитетна програма и овластувањата во тој дел за тоа што е на квалитетна програма,надзор, контрола на склучените договори на Агенцијата како мерка што мислам дека сега отсуствува и посебно регулирањето на прашањето на менаџерскиот откуп во натамошната

приватизација и целосно регулирање на прашањето на гаранцијата и висината на хипотеката во сопственост на лицата што го преземаат управувањето.

Во тој случај треба да размислиме и за успорувањето на трансформацијата имајќи предвид рокот што е даден во делот за трансформација на општествениот капитал што останува за наредните 5 години, како проблем посебно го потенцирам, што значи застој во процесот на приватизацијата со можност да откупи 10% од големите претпријатија а останатиот капитал да се трансформира во наредните 5 години, како и ефектите од приватизацијата а посебно финансиските ефекти во тој дел.

Посебно сакам да го потенцирам прашањето на посебното регулирање на постапката на имотот во понатамошната постапка за трансформација на претпријатијата на прашањето на хипотеката каде што одделни членови ми се чини 62 и 64 од Законот го регулираат токму прашањето на цврстина на договорите на тие лица со Агенцијата околу несоодветното управување на претпријатијата од тие лица, намалување на нивната проценета вредност, како и можноста тоа да го повратат со она што се мисли дека ќе биде доволно, најверојатно со уделот што го имаат при отпочнувањето на постапката за трансфомацијата.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-ѓа Трајановска.

**НИКОЛИНА ТРАЈАНОВСКА:**

Почитуван потпретседателе, почитувани дами и господа пратеници, периодот на транзиција низ кој што минува нашата држава, Република Македонија, моментално поминува карактеризиран со крупни промени, пред се во сферата во формирање на новите институции на политичкиот и економскиот систем и во духот на тоа и промените во

вредносниот систем и на односите меѓу луѓето. Она што е посебно важно да се истакне е формирањето на свест на нужноста од постоење на нов систем на демократски институции и создавање претпоставка за ефикасно општество и поефикасно стопанство, а што долго останува во сферата на празната реторика. Долго време се зборува за трансформацијата, за приватизацијата, за пазарното сто- панство, за повисокиот животен стандард, а практично луѓето се сос чуваат со падот на животниот стандард а од пазарното стопанство останува далечен сон.

Процесот на трансформација на овие простори започна уште со донесувањето на законот за општествениот капитал 19 9 0 година, што всушност можеме да го сметаме како предисторија на приватизацијата. На некој начин секој тип на приватизација беше надвор од правните норми, а особено идеолошките сфаќања во социјализмот и сопственоста. Приватизацијата беше споменувана како кражба и распределба надвор од законските норми, најчесто преку различни шпекулации и малверзации. Тоа е период кога еден дел од високите слоеви имаа можност да се стекнат со солидна материјална основа, која секако во новите услови ќе послужи за заземање добри стартни позиции во процесот на приватизацијата врз новите правила.

Недвосмислено е докажано дека беше присутно прелевање на општествен капитал во приватна сопственост. Беа присутни големи неправди од аспект на принципите врз кои беше организирано социјалистичкото општество и сопственичките односи посебно, постоеше са? формална моќ на работниците во претпријатијата и се повеќе созреваше свеста дека излезот од кризата е можен само со укинување на социјализмот.

Првенствена цел на приватизацијата во Македонија е да се создаде ефикасно стопанство а ефикасно стопанство е можно само со претпознатлив сопственик на капиталот. Со концептот на платена прива-

тизација побезболно може да се дојде до излез од оваа криза и заживување на стопанството, со можноста да се концентрира свеж капитал и при продажбата на претпријатијата постои можност овие средства да се искористат освен за социјални програми, исто така и за развој.

Меѓутоа, овдека државата истовремено ќе навлезе во два паралелни и меѓусебе противречни процеси. Процесот на воспоставување на пазарното стопанство и неизбежната етатизација. Имено ќе се јави конфликт помеѓу економската ефикасност и социјалната рационалност што единствено државата може да го решава но под одредени услови. Економската ефикасност се постигнува со развиено пазарно стопанство, каде што законите на пазарот слободно дејствуваат, а социјалната рационалност праведно, заштитно, едноциклично се постигнуваат со помош на државата. Прашање е што да се прави за да не дојдат до израз овие две крајности кои можат да го уништат рационалното јадро на ефикасноста на сметка на социјалната заштита, праведноста. и да ги запостави на сметка на економската ефикасност.

Заради ова периодот на транзиција е постојана опасност меѓу овие две крајности на кои им одговара и соодветната политичка ситуација на нестабилност и меѓуетничка нетрпеливост што лесно може да резултира екстремизам и ирационализам. Ако најголемиот дел од луѓето не ја разберат супзтината на проблемите или се убедени дека ништо не е во нивна корист, се исклучени од главните процеси, прашање е колку таа може да успее. Реформата може да успее само под еден услов - ако секој на почетокот се почувствува дека е ставен во рамноправна положба, а не е исклучен а да се бара од него да биде субјект на промените. И колку да сме убедени дека само оној што може да купи акции е тој што ќе има најголем удел во процесот на приватизацијата, сепак не смее да се запоставаат и оние што приватизацијата ја доживуваат само како начин на губење на нивните права. Секако дека

отсуствува модел на фактички успешна приватизација која ќе влее надеж и врз која ќе може да се видат ефектите од пазарното стопанство и трансформацијата на сопственост; односно капиталот. Кај нас се уште нема права приватизација. Законот за општествениот капитал од 1991 година се уште нема никакво влијание врз промените во економското работење на претпријатијата и не се познати ефектите од овој процес. Приватизацијата започнува во услови кога се уште останатите механизми на пазарот не функционираат. Имаме ситуација во која поранешниот институционален систем со сите норми што го следат престанал да важи, а новиот институционален систем со новите норми уште не е воспоставен. Овој вакум овозможува разни злоупотреби. Отсуствува и поголема едукација на граѓаните во врска со вршењето на трансформацијата и ефектите од неа.

Концептот на приватизацијата ја нема конкретната транспарентот повеќе или помалку непотребно ги фаворизира само некои групи за кои се смета дека ќе бидат доволно прецизвикани без резервно да се вклучат во процесот на приватизацијата.

Овој период од 5 години е многу кус за да се даде оценка за тоа што се се случило и случувало во општеството во транзиција како што е македонското. Меѓутоа ова е процес кој неминовно мора да продолжи со позабрзано темпо.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Лазарев.

**ЈОВАН ЛАЗАРЕВ:**

Почитувани пратеници, ова е прв извештај за работата на Агенцијата за трансформација на претпријатијата со општествен капитал и поради тоа заслужува да му посветиме соодветно внимание.

X/6.-

Мислам дека Извештајот хронолошки е добро составен и јас ќе се задржам само на оној дел каде што се цитирани проблемите во остварувањето на процесот на систематизацијата.

Во јавноста се создава атмосфера дека се разграбува општествениот имот. Тоа го оценувам како една идеолошка неподготвеност за прифаќање на приватизацијата, неподготвеност да се прифати фактот дека основна цел на приватизацијата е да се променат односите на управувањето, и реално да се организира фирмата како едно капитално друштво. Една фирма кога нема пазар, нема производство, таа има предност 0. Ниеден странец нема да вложи средства или да купи објект кој не функционира и кој нема пазар. Тој ќе вложи средства само ко диционо да ја оспособи фирмата а не и да купи објект кој што не функционира. Јас знам доста примери во Германија кога се продадени 100 илјади станови за една марка, а становите пропаѓаат зашто нема кој да ги одржува а марката е само како симболика дека тие станови имаат предност. Во поново време истото се однесува и за цели комби нации во Источна Германија.

За да се преброди оваа идеолошка бариера потребно е сите да го дадеме својот придонес, Агенцијата, комисиите во Владата Владата, Парламентот па и средствата за информирање. Најдобар начин е транспарентноста, односно јавност во работата, што веќе и почна д се остварува. Со јавноста во работата мислам паѓаат во вода сите шпекулации и секој граѓанин да може да разбере за која фирма колку субјекти се заинтересирани за купување, колку вложиле, кој е избра и зошто е избран. Со тоа сите шпекулации ќе паднат во вода.

Исто така треба да се заложиме законот за приватизација, во овој момент каков е таков да се спроведува и тоа доследно.

Целосно гледани резултатите од приватизацијата не се така лоши. Владата и Парламентот треба во својот домен да ги изготват и да ги донесат сите недонесени закони што треба да ја следат транслацијата.

X/7.-

Тие се наведени и не сакам да ги цитирам. И да потсетам дека кога беше изборната програма односно изборите и изборната кампања во Сојузот донесовме една заедничка платформа, мини-платформа во која стои еден дел за трансформацијата и ветивме дека ќе го за брзаме процесот на приватизацијата поддржуван со даночни, кредитни и други мерки и дека со приватизацијата ќе ги опфатиме и секторите на земјоделството, осигурувањето и сл.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Душко Николовски

**ДУШКО НИКОЛОВСКИ:**

Јас во оваа прилика, малку ќе издвојам едно мислење што се однесува до делот на мислењата и укажувањата од страна на Комис јата за стопанство, извештајот и мислењата се предложени и доставен Кога ќе се направи пресек односно извештај за работењето на Аген-ијата како права или обврска за спроведување на одредена активност и со проблемите со кои е соочувана или самата Агенција со кои се сретнувала, доаѓам до сознание дека би требало во овој извештај да покренеме неколку моменти, што јас во оваа прилика би ги нарекол фактори за мотивирање на процесот на трансформација на општествени капитал, имајќи предвид дека тоа е еден процес што ќе трае подолго време и ние како парламент би требало да создаваме услови односно да стимулираме тој процес да се движи со една динамика, но контролирана.

Наиме како прво мислам дека би било добро во интерес на мотивирањето на овој процес да се дефинира дефиницијата на фирмите. Во прилог на тоа пред се го потенцирам прашањето на динамиката на процесот на трансформацијата, процесот на преструктуирањето, целит и егзистенцијата на фирми како и визијата на самите фирми.

Второ, би било добро во однос на мотивирањето на овој процес да се пристапи кон редефинирање на односите и тоа пред се на стопанскиот дел имајќи го предвид пазарното опкружување, пазарот на капиталот, пазарот на трудот и самиот процес на осигурувањето.

Трето, мислам дека државата треба да го заокружи стопанскиот систем не само со оние закони што веќе се донесени или оние што влегуваат во процедура туку и законите што се во задоцнета фаза кои сега не би ги набројувал, а воедно да го отвори и процесот на иновирање на дел од законите кои веќе како решенија во практиката не покажуваат соодветни резултати.

Четврто, државата треба да настојува што повеќе да се отстранува или да биде понастрана од фирмите без разлика што донесовме неколку такви закони, се со цел да се постигне поголем простор за редефинирање и создавање на условите на маркетингот, како и дефинирање на државниот капитал.

Петто, мислам дека би било добро во интерес на процесот на тие слабости е укажано на некој начин, дека е неопходно да се најде место и да се поддржи процесот на партиципација пред се на работничкото управување, работничкото акционерство, менаџерскиот откуп, долгот итн.

И уште едно прашање, мислам дека ќе биде од корист тоа е дефинирање на предметот на откупот и долгот, пред се државниот, јавниот, мешовитиот, менаџерскиот откуп, али по форма и квалитет, емисијата на акциите, берзата, хартии од вредност, тендерот, хипотеката итн.

XI/1. - JH|/OM

**ДУШАН НИКОЛОВСКИ:** (Продолжение)

Овие фактори во процесот кој наидуваме поготово кај големите фирми како капитална трансформација ќе бидат од голема корист воедно да се создаде амбиент за ефикасно стопанисување и ефикасно работење. Доколку не ги стимулираме овие елементи, мислам дека процесот на трансформацијата ќе го успориме и веројатно во наредниот извештај ќе констатираме дека не е битен кој број од фирмите по обем, по број се приватизирани, односно се трансформирани, туку битно е кој капитал во која вредност и во која висина и за кои намени е искористен.

**ЉУБИСАВ ИВАНОВ:**

Добро е што Извештајот на Агенцијата за трансфер, или приватизација на општествениот, јас би додал самоуправен капитал е поставен во дрпаво време пред ова Собрание, затоа што во последно вред тој процес стана топ тема во државата. Не прекинато слушаме и гледаме на телевизијата , слушаме на радиото, читаме по весниците, особено тој процес се вжешти и стана жешка тема откако веќе се помина на приватизација по основ на менаџерски откупувања, или докупувања, откако веќе почна некој модел на приватизација да се прави каде што веднаш се створи стравот и опасноста од богатење. Јас немам намера да ја бранам Агенцијата, а најмалку имам намера пак да ја напаѓам, затоа што нема основи . Меѓутоа, денеска ќе бев многу среќен ако многу мои укажувања и предвидувања не се оствареа. А тоа господо е што ние не можеме , тука некои пратеници пред мене го кажаа, ние не можеме да извршиме реформа на својата свест. Ние сакаме и декларативно се изјаснуваме дека практично поминуваме во демократија и капитализам, ама тоа декларативно, затоа што нашата свест 50 години е градена дека

фабриките се на работниците, дека работниците управуваат со фабриките и дека никој не може да им ги одземе. сега одеднаш ние викаме дека тоа е општествен капитал, а уште да биде по сложена работата што ние имавме самоуправување во тие фабрики, во тие рудници,"во тие организации кое го градевме, развивавме и т.н., одеднаш тоа треба да се отуѓи, да се одземе и да му се промени свеста на човекот. И тука сега настануваат крупните проблеми. Јас за тоа многу пати зборував и укажував дека тоа може да биде голема пречка во нашата трансформација на општествениот капитал ако не сме свесни за тие последици.

Втора работаакаде што направивме крупни грешки и каде што од дистанца веројатно нашата работа пообјективната наука ќе ја процени што го заоставивме долго време процесот на приватизација. Ако ние продолжевме со постоечкиот закон каде што акционери се појавуваа вработените за ова време веќе ќе имавме ние многу поблиску приватизација за каква што ние се залагаме да има сопственици и многу по правична. Тој процес го заоставивме, долго време се расправавме тука да го донесеме новиот закон и јас уште тогаш укажав господо, дека тој закон ќе има тешка применлива вредност. Многу од Вас тука седеа кога го донесувавме тој закон. Затоа што ова подрачје Македонија политички е многу нестабилно. Тешко ќе се привлече капитал од страна, особено во ситуација кога ние сме блокирани од југ, па санкции од север каде што се уште кај нас не функционира и правниот систем. Па ние само пред: два три месеци донесовме Закон за дваесет и петте загубари каде што го срушивме практично правниот систем во член 4 , каде што ставивме ад акта и судство и т.н. и на. многу други примери Според тоа, кој е тој што ќе дојде од страна да донесе пари и да купи фабрика кај нас, да вложи пари, особено имајќи во предвид дека се уште кај нас се ратува во близина; и т.н. Исто така, укажавме тогаш дека осиромашува народот

во Македонија. Денеска имавме прилика да чуеме тука изворно 183 илјади луѓе не работат. Пред некој ден прочитав дека 150 илјади луѓе по 5,6 месеци не земале плата, личните доходи многу ниски. Тоа што малку некој дел од 2,3% малку се позбогати): не е во состојба да ја купи нашата индустрија. Тоа е мал дел, безначаен дел. Според тоа очекувањата и големите изјави дека приватизацијата сега ќе се одвива по економски процеси адекватни на развиените капиталистички земји пропаднаа во вода. Нема капитал, нема пари. Во тие земји се врши трансформација на државната своина, но страотно е развиен приватниот капитал со огромна акумулација на средства кој може да учествува во таква приватизација. Ние немајќи такви средства обидувајќи се Агенцијата да внесе одредени модели кои сепак на некој начин законот ги овозможува веќе створија големи револти во државата. Менаџерите ќе се збогатат, а никој не сака да размислува дека тие влегуваат и во ризици. Прво да Ви кажам мојата организација по тој основ не е приватизирана па да ја бранам таа постапка, меѓутоа сакам да зборувам реално и објективно што мораме да правиме и што мораме да чиниме за да излеземе од оваа тешка ситуација, а не го зимаме во предвид тоа дека со самото тоа што вршат менаџерски откуп практично не ја приватизирале фабриката или организацијата, тоа треба да го направат за 5 години и може и да им пропадне капиталот кој го вложуваат сега 10%, или 2 0%. Според тоа , ние сме сега исправени во една многу сложена, доведени во една многу сложена и тешка ситуација. Како тој процес се да го наставиме? Ако го одложуваме катастрофата е се поголема. Во процесот на приватизацијата зборува;;искуството сега стекнато во другиве земји кои се занимаваат страотно опаѓа вработувањето, производството, економската ефикасност, се створаат социјални страшни тензии, не почнуваат процесите на пазарна економија, затоа што сето тоа се одвива

во една многу тешка атмосфера, во атмосфера кога не можат да завладеат такви процеси бидејќи не е извршена приватизацијата, а и да е извршена, за тоа треба многу повеќе време за да почне да функционира. Според тоа ние ако чекаме , ако не изнајдеме модели, не само да се изнајдат модели, туку мора брзо и нешто да се менува во законот, ние ќе го одолжуваме тој процес, не оваа Агенција, 20 агенции да направиме, не овие луѓе, да донесеме светски експерти не можат да ја спроведат приватизацијата. се работи за голем општествен капитал, се работи за доста организации, се работи и за ломови во нашите сфаќања. Јас ова сериозно го укажувам, сум укажувал вака сериозно и порано, но често пати не сум бил сфатен, а последиците еве, тука се присутни. Многу од моите колеги рекоа дека е голема пљачка направена со трансформацијата во оној поранешен состав по тој поранешен закон. Меѓутоа гледате контролите покажаа дека таму нема големи злоупотреби. Ако некој се придржувал според тој закон, тој не можел да ја пљачка организацијата. Ако го кршел законот, оваа држава има правни системи, има системи кои треба таму тоа да го спречат. Мислам дека брзо треба Агенцијата заедно со Владата и во тој правец и ние да заклучиме и да ги охрабриме да предложат повеќе модели на приватизација.

Второ да се изградат стандарди. Што сакаме сега ние покрај приватизацијата кој модел и која цел треба да ја постигнеме освен да се приватизира да дојдеме до пазарна економија. Дали ние сакаме со приватизацијата да го решаваме и прашањето на вработување. Вие гледате дека Европската заедница заседаваше по прашањето на невработеност во Европа каде што тој проблем не е така изострен како што е изострен кај нас. А ние како тоа прашање да воопшто не е битно, ние не се занимаваме со тоа прашање, ниту Владата, ниту ние како Парламент и го препуштаме тоа прашање како само од себе да треба да

се реши. Дали сакаме ние со продажба на тие претпријатија, прво тешко е пара да сеземе, да постигнеме поголема цена, а многу помала вработеност, или кажеме да земеме помала цена за тие претпријатија, но затоа да имаме и поголема вработеност и добро е да имаме и поголема економска ефикасност. На што ќе се определиме, или ќе одиме на голема цена на мало вработување без економска ефикасност. Која ни е сега целта, мора тука да се изградат критериуми, мора тука да се понудат решенија.

Втора работа на која сакам да укажам во оваа приватизација како се прави и какви документи се даваат за извршената приватизацијата нема правна снага. Човек отиде да купи нива , бара тапија и тапи зима. Еве тука гледаме многу врвен правник , министер беше за правда па веројатно се согласува со мене. Ние добиваме од Агенцијата едно листе, прво тоа ќе го изеде времето, ќе пожолти, дека сме приватизирани толку и толку и т.н. Тоа го потврдува владината комисија. Тоа ако нема документ направен како што треба исповрзан со членови, со закони и т.н. прва прилика, друг парламент, друга влада ќе ја сруши и таа приватизација, како ние што ја рушевме онаа претходната. Мора да се изгради како треба тоа да се направи и тоа во Законот не е регулирано. Според тоа, мислам дека како парламент треба да дадеме голема поддршка на Агенцијава. Агенцијата прави големи напори и ако минатата година воглавно се приватизираа организации по стариот Закон веќе оваа година навлегува во процеси кои ги отвора и новиот закон. Меѓутоа ако ние сите тие такви постапки уште во почеток ги ставиме на голем тапан , можеби Агенцијата малку и греши што тој процес, некој зборуваше пред мене, некој јавно отвори , да се знае која како организација се приватизира, со какви проценти, со кој капитал, што се обезбедува при таа приватизација, некои тука зборуваа за хипотеки итн.

XI/6.-

И тогаш кажавме и хипотеката не е никакво мерило ако некој приватизира 60 милиони, а има куќа и стан од сто илјади марки, меѓутоа и тоа е пак психолошко ако некој му направи хипотека, па ќе мисли како ќе ја води организацијата па и станот и куќата да не ја изгуби. Мора да се обезбедат и други форми и начини. Една од формите и начините е да Агенцијата има тимови кои ќе ја следат таа организација, не да се чека 5 години да поминат, па да констатираме дека таму е мафијашка работа направена, туку во тој од до тие 5 години ако се забележи дека работите не одат како што треба. За мене најефикасен модел денеска кој би требало да се применува тоа е моделот да се купи инвестиции и менаџмент. Ако организацијата не и се обезбеди перспектива, не се обезбеди да се инвестираат пари , ако се инвестираат пари ќе дојде и вработување, ако некој инвестира пари треба парите да ги враќа, мора да има и економска ефикасност и уште ако тој што влегува нуди вистински менаџмент да создава вистински профити, тој мора да има во цела работа предимство.

Втора работа треба да се искористи многу, кај нас организации кои веќе се приватизирани да се искористат во до приватизација на капиталот.

**ЗОРЕ ТЕМЕЛКВОСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани дами и господа, не сакав да се јавам за дискусија, но навистина сум поттикнат од настаните во салата. За најклучниот политички и реформски зафат очекував дека ќе бидат исполнети клупите на министрите, како и на пратениците, а исто така сметав дека ќе биде присутен и претседателот на Собранието во еден респективен однос, бидејќи сметав дека ова е еден клучен и сериозен настан. Прво, затоа што тоа е соочуваше со првиот Извештај

од Агенцијата после година ипол. Второ затоа што Владата очекував да предложи низа нови закони, уредби кои што треба да го дополнат процесот на приватизацијата за побрзо одвивање кои што го изнесоа и претходните дискутанти, а од колегите пратеници очекував да имаат поголемо чувство и осет спрема јавноста и сите оние дискусии кои што ги окружуваат во процесот на приватизација. Сметам дека тука е местото за сите оние прес конференции, дискусии кои што ги прават новинарите ние треба овде пратениците тоа да го изложиме.

**ЗОРЕ ТЕМЕЛКОВСКИ:** (продолжение)

Прво, јас ја сфатив информацијата од агенцијата само како информација и сакам да бидеме денеска поконструктивни во поцелосно заокружување на процесот на приватизација, а генерално е неспорно дека процесот на приватизација е целосна определба на сите нас кои што седиме овде и определба на промените кои што настануваат во процесот на транзиција. тука не би се задржувал многу бидејќи и времето во кое живееме и јавноста која не опкружува сигурно дека е повеќе нивната еманципација на сите што дискутираат во Македонија не е толку високо да стварно сите размислуваме еднообразно. Јас сметам дека повеќето од 60% од јавноста на Македонија размислува во правецот на социјализмот и минатото како беше убаво и сите оние убавини за социјалистичките претпријатија.

Имав впечаток дека Владата се уплаши од процесот на приватизацијата и во еден последен момент како да застана нов процесот на приватизацијата и да се упушти во парцијално решавање на одредени случаи кои што ги наметна јавноста, како што е случајот Македонија спорт јавното претпријатие на саем и како да е закочено она темпо што беше изложено пред новата година, која беше наметнато од светските институции со еден процес кои што го утврдивме сите ние овде присутни. Сметам дека тука треба да дадеме поцелосна поддршка сите ние што сме овде присутни и што сме носители на оваа приватизација.

Исто така, сметам дека во овој момент и сакам да предложам, а предложив и на Комисијата за стопанство, во овој момент имаме голема потреба од докомплетирање на законската регулатива. Паралелно треба да бидеме поефикасни во донесувањето на сите оние закони што претходните дискутанти ги кажаа, со уште една напомена дека голем број од дискутантите не се осврнаа на тоа дека во овој момент имаме ние и трансформација во коморскиот систем т.е. во комората каде што

гледаме ние дека стопанската комора се јавува постојано во една паралелна Влада и постојано комуницира со општествените претпријатија и ги разводнува законитостите. Тука, го оспоруваме темпото на приватизација. Значи тие под законски акти ќе треба Владата што побрзо да ги предложи и што побрзо да ги донесеме ние за да можеме процесот на приватизација да го забрзаме.

Исто така, сметам дека во овој момент дефинитивно треба да се донесе и законот за облигации и владата, или Македонија еднаш да донесе дали ќе има стопански престап, или ќе нема, бидејќи титуларот на сопственоста нагло се промени и дали е тоа составен дел на времето во кое живееме.

Сметам дека во едно забрзано темпо во кое што треба да се донесе е конституирањето на судската власт. Ако не се конституира судската власт ќе дојде нормално хипотеката од јавноста дека намерно ние како пратеници не сакаме да ја конституираме судската власт за да помине процесот на приватизација без поголеми судски контроли и без поголеми ревизии.

Доста дискутиравме за агенцијата и јас мислам дека претставува еден добар стручен тим. Но, исто така сметам дека тој стручен тим кој што ја сочинува Агенцијата е толку мал врз основа на сето она што си зема врз себе да оди до таму и да се пушти во проценката на раздвојните концепти кои што ги наметнаа менаџерите со процесот на менаџмент бајаут. Ова ќе го поткрепам со фактот дека паралелно се одбива и уште една приватизација која ја врши јавното претпријатие за деловниот простор. Таму таа приватизација ја врши еден огромен апарат и тим од 500-600-тини луѓе, а тој апарат работи за приватизација од 100 до 150 милиони германски марки, а овој мал стручен тим треба да изведе еден историски зафат и приватизација од една милијарда марки, која што од прилика ја проценувавме ние овде кога тргнавме во процесот

XII/3.-

на приватизација. Затоа ометам дека Агенцијата и стручноста е неоспорно но обемот се споменува толку и ние можеме сега постојано да наоѓаме критики према овие луѓе, кои што и вака доволно го буткаат овој процес на приватизација.

Исто така, јас би се задржал и на тоа дека во процесот на приватизацијата на нешто што за мене како стопанственик е страно. Не повторувал дека тоа е процесот на приватизација и учеството на банките во овој процес на приватизација.

Банките во моментот се сеирџии и гледаат од страна што ќе се случи, а повеќе се занимаваат со себе. Јас не знам, веројатно министри-те знаат, каде во светот, или во која земја може да има приватизација без целосна оценка од страна на банките и целосно вклучување на банките во оценка на поднесените менаџерски проекти. Мислам дека ова што денес Агенцијата го цени дали е успешен или не предложениот менаџерски проект тоа треба да го ценат стручните екипи во банките. Вака ние се доведуваме, како што рече претходниот дискутант како да некој процени дека треба да се отстапи на менаџерскиот тим вредност од 60 или 100 милиони марки, со некоја хипотека смешна од едно ауто од 1948 или со некој стан од 50 иљади германски марки.

Исто така ми падна во очи нешто што мислам исто така, дали е некој пропуст во Агенцијата, постојано провејува дека овој менаџерски тим гарантира добивка и зголемување на физичкиот обем на производството, што сметам дека тоа беше за едно планско стопанство во социјализмот, а пазарната економија не признава однапред пет годишно видување за успешно остварување на добивка и зголемување на физички обем. Сметам дека тоа е еден мал пропуст кој што треба да претрпи една корекција и мислам дека законот за хипотеки ќе треба што побрзо да дојде во собраниска процедура, или во процедура на донесување на хипотеките, да се разјаснат, па макар да делуваат и само психолошки према приватизацијата.

Сметам дека денеска со нашите дискусии за Агенцијата само ќе помогнеме за побрзото спроведување и реализирање на процесот на приватизација. Не сметам дека денеска да ја критикуваме Агенцијата ако ги гледаме објективните околности во кои живееме и објективните можности на Агенцијата со физичкото извршување на сите обврски кои ги преземе врз себе.

**МИРКО ТРИПУНОСКИ:**

Господинот Зоран имаше чест да зборува пред еден министер, а јас немам, но сепак ќе го изнесам своето мислење.

Почитуван потпретседателе колеги пратеници. Зборуваме за една од најсуштествените и најсериозни прашања што во овој момент настанува во државата. Бидејќи се зборува за извештај на Агенција веднаш во почетокот ќе изразам несогласување да Собранието има можност само еднаш да расправа за вака значајно прашање. Ќе предложам во иднина амандман со кој ќе барам ист третман со Владата.

Во однос на вториот дел каде што се зборува за активности на Агенцијата, во делот за обука на проценители сметам дека останале уско во тој процес и со 12 6 проценители сметам дека нема конкуренција дека нема можност за поевтинување на проценките во претпријатието од било кој тип и

Трето, дозволено е монопол на поедини проценители и на одредени факултети да ја вршат таа работа.

Понатаму, која е активноста на Агенцијата кај 25-те загубари, бидејќи не е посочено кои се конкретните активности таму.

Во вториот дел каде што се посочува за 25-те загубари се кажува дека Агенцијата дава мислење по поедини прашања и јас веднаш ќе прашам кое е значењето во давање мислење на Агенцијата. Мислам во овој момент сигурно дискутабилно.

XII/5.-

Понатаму, се посочува кои се тие отпори од идеолошка природа и на што поконкретно агенцијата и всушност луѓето подготвувачи на овој извештај сметаа. Веднаш на тоа ќе речам, веднаш понатаму е посочено дека има заостанување во активностите во Републиката за промоција на овој процес, но, не е посочено кај кого нема такви активности и кои се тие институции или поединци кои не вршат промоција на овој процес.

Понатаму, се кажува дека делот на тапкање на одреден дел во место или извршување на своите задачи се недонесените закони за денационализација и за антимонополистичка политика, бидејќи законот за јавни претпријатија и трговски друштва се во процедура.

Во однос на класификацијата на претпријатијата во јавни и претпријатија од посебен општествен интерес се говори дека нема јасни цели и не се знае кој ќе ја врши таа класификација. Каде се тие активности и кој треба да ја изврши.

На крајот, во финансискиот извештај,на Комисијата побарав бројчен извештај и го добив и сметам дека она што е посочено таму е одраз на влезните и излезните состојби во агенцијата, но морам едно да посочам повторно.

Се поставува прашање, во образложението е речено дек а како значаен дел од приходите се остварени од камати, што се вели дека е направено да не се обезвредни капиталот, но нема обезвреднување ако нема инфлација. Тука сигурно е промашено местото на Агенцијата бидејќи со Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал беше речено дека Агенцијата се формира за побрзи процеси, усовршување на развојот на претпријатијата кои што се приватизираат, а не да употребува капитал инвестиран за одредени камати кои не се посочени во претпријатијата за понатамошен развој. Сигурно што е со тие пари и како се употребуваат се поставуваат прашањето.

Тоа беа моите размислувања.

XII/6.-

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Почитуван потпртседателе, почитувани дами и господа пратеници. Точката што е на дневен ред - Извештај за работата на Агенцијата на Република Македонија за трансформација на претпријатијата со општествен капитал за 1994 гадина.-.и до 31 март 1995 година, јас сво3ата дискусија ќе се осврнам нешто околу оваа трансформација.

Процесот на приватизацијата во Македонија е во застој.

Се случува нешто сериозно на релацијата меѓу Владата, комисиите на Собранието од една страна и Агенцијата за приватизација од друга. Од штурите нејасни соопштенија и разни изјави на одговорни луѓе не може да се разбере суштината на можните не- согласувања. Но, видливо е дека работите не одат добро. Поточно, работите одат лошо. Некој ја кочи трансформацијата на општествениот капитал, најголемиот и најзначаен проект за успешна промена на политичкиот и економскиот систем на нашата држава.

Општествената трансформација влегува во критична фаза, цели пет години по прогласувањето на новиот повеќепартиски парламентарен политички систем. Во моментот, кога веќе стотина општествени претпријатија се приватизирани и кога во неколку стотини претпријатија проценките се завршени и се чека на ред во Агенцијата за донесување на решение, наеднаш во Владата и во Агенцијата се појавија спротивни ставови околу начинот на приватизацијата што предизвика големи недоразбирања, сомневања и конфузија. Сите заборавија на Законот кој без ниту еден глас против е донесен во Собранието на Република Македонија уште пред две години. И наместо да се почитува словото на Законот почнаа тајни расправи полни со страсти и емоции. Во јавноста владее атмосфера дека се разграбува општествениот имот и дека приватизацијата е промашена работа. Ваквиот негативен набој и недовербата што е создадена е голема грешка на носителите на трансформацијата на општествениот капитал. Навистина, секаде во

светот приватизациите се следени со недоверба и грешки, но ние не би биле ние, ако немаме и некои свои непотребни специфичности.

## ПОВЕЌЕТО ТАЈНО ОТКОЛКУ ЈАВНО

За што всушност станува збор?

Најголемата, веќе добро видлива, грешка е што приватизацијата почна да се одвива повеќе тајно отколку јавно. Се испушти од предвид дека приватизацијата е јавен чин. Целосната отвореност и достапност во јавноста е еден од основните предуслови за успешна и побезболна промена на сопственоста.

По серијата приватизации во скопска "Пивара" во "Фершпед" во "Македонијатурист", особено откако во новите поголеми фирми менаџерските тимови станаа сопственици, се смени односот на власта кон Законот што самата го предложи. И наместо да се продолжи со тоа темпо според Законот, без оглед што првите приватизации беа дочекани на нож, и да се издржат сите притисоци, длабоко уверени дека прават историски чекор, партиите на власт почнаа да воведуваат некои свои правила надвор од Законот и од економските критериуми. Почнаа да преовладуваат политички ставови кои се применуваат различно од случај во случај, во зависност од партиските определби и политичката припадност на идните сопственици. И, што е најжално во зависност од политичките и личните интереси на владејачката гарнитура. Еден по еден се редат случаи каде што се вмешани влијателни личности, како што беа случаите со "Македонија-спорт" и Скопски саем кои јавноста ги дочека со револт и огорчување и кои одат директно на штета на приватизацијата како фундаментален процес без кој не може да функционира новиот систем.

XII/8.-

Па, така имаме ситуација кога моќни богати и политички релевантни претпријатија можат да се приватизираат без поголеми напори, други не можат никако, а трети како ќе се договорат партиите на власт. Законот кога треба важи, а кога некому не му одговара се суспендира. Се измислуваат некакви аршини и критериуми, наводно за заштита на државниот имот и интереси, а всушност станува збор за заштита на партиски и лични интереси, на пооделни министри, пратеници или други личности припадници на силни економско - финансиски групи.

Во јавноста веќе нашироко се зборува дека коалицијата ги приватизира брзо и ефикасно, се разбира според Законот, најнапред "своите" претпријатија кои финансиски ја помогнаа минатогодишната предизборна кампања на Сојузот и кои и натаму се на линијата на натамошна поддршка. За другите Законот не важи, а за нив важат политичките критериуми. Јасно е дека ќе биде погубно за Македонија ако партиите почнат да ги делат и да ги додаваат претпријатијата според нивни интереси. Сите стручни укажувања зборуваат дека приватизацијата не смее да се претвори во чин на политичко влијание и притисоци, за приватизираните фирми да станат главен извор и база за создавање партиски капитал.

## ПАРТИСКИ И ЛИЧНИ ИНТЕРЕСИ

Владата своето влијание и однесување може да ги насочи, според законите, само во јавните претпријатија каде што решава при назначувањето на раководниот тим. Во приватизацијата нејзините

ингеренции се мали, и Владата така треба да се однесува Доколку Владата навистина има сознанија дека нешто не чини во нејзиниот Закон и дека нешто не се спроведува според Законот, познат е демократскиот пат за потребните промени, или за неопходните санкции во случај да се изигрува Законот. Промените на Законот се вршат во Парламентот, а не во затворени министерски и партиски кабинети. Време е кога Владата наместо да го стопира процесот на приватизација, како што почнува да се мисли, јавно да каже што не чини. Според Законот за трансформација на општествениот капитал, Владата како коректив може да се јави само кога не се почитува Законот. Се друго е препуштено на Агенцијата за приватизацијата, на работните колективи и на вработените сами според Законот, да ги одберат моделите кои најмногу им одговараат за нивната трансформација.

Владата е таа која најмалку смее да избира кој на кого може да му биде партнер при купувањето на претпријатијата, а воопшто не смее да ја стопира приватизацијата на некои претпријатија од какви било интереси, ако се исполнети сите "законски норми.

Во целава оваа ситуација опозицијата наместо силно да притисне за да се почитува Законот за што и самата своевремено гласаше во најголем дел, сега нуди нови решенија кои повеќе создаваат недоверба во јавноста отколку што помагаат да се одвива еден исклучително значаен историски процес. Залудно е да се нудат нови "алиби" модели кога е јасно дека прво треба да се освои власта па потоа по демократски пат да се донесат законите во Парламентот. Вака сегашното предупредување на опозицијата оди во погрешна насока. Наместо да се бара јавност, отчетност, почитување на Законот и да се мери успешноста

на приватизацијата најмногу емоции и критезерство се истура врз 'моделите и врз новите сопственици кои имаат законска поткрепа.

Конечно, Владата притисната од други партиски и поединечни интереси заборави дека приватизацијата е најзначајниот сегмент во спроведувањето, не само на реформата, туку воопшто на новиот политички и економски систем. Ако таа не застане цврсто во поддршка на тоа да се почитува Законот и ако не овозможи приватизацијата да тече брзо и без застој како што почна на почетокот на годинава (иако со големо задоцнување од четири години), тогаш Македонија и натаму ќе има повеќепартиски политички систем и социјалистичко самоуправно стопанство. Се разбира, ќе има и неколку десетици приватизирани претпријатија за кои се заинтересирани политичките партии и поединци. Ваквата состојба, јасно, е неодржлива ни политички ни економски. Експлозијата од незадоволство ако не продолжи непречено приватизацијата ќе биде страотна Без разлика што има поинакви мислења кои треба да се замат во obѕир, но никако не смеат да бидат пресудни.

Неуспешно спроведена приватизација, или половично спроведена, без почитување на Законот, неминовно води кон општо незадоволство и кон нови избори. Власт која не може да ја спроведе приватизацијата, не може да остане без последици по нејзината идна судбина.

XIII/1 ПЈ/ЛБ

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, бидејќи работиме непрекинато 6 часа, јас ви предлагаат една пауза од 15 минути, а имаме уште пет мина пријавени дискутанти односно шест и да продолжиме да завршиме, бидејќи тоа е последна точка. Само 15 минути ве молам да бидете тука присутни за да можеме да завршиме денес.

(пауза од 15 минути) По паузата.

Продолжуваме со расправа. Г-дин Најдовски има збор.

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

Почитуван потретседателе, почитувани пратеници, еве колегата Начевски вели да ја скратам дискусијата а јас ќе се обидам да бидам што пократок, бидејќи дел од работите кои што планирав да ги кажам веќе од одредени колеги беа кажани.

На почетокот би сакал да кажам дека нема да се изјаснувам дали ја подржувам или не Агенцијата, бидејќи сметам дека тоа е сепак работа на Владата и пред себе овде како пратеник, како Парламент ја гледам само Владата и нејзината успешност во извршувањето на процесот на приватизацијата. Ќе се обидам да имам еден свој пристап кон проблемот кој што денес го разгледуваме, како пратеник кој што не е вклучен во приватизацијата на ниедно претпријатие, бидејќи нашата нагласувам фирма во која што порано работев сега е во тек на приватизација, така што ен сум оптоварен во поглед дали е тоа моја или наша фирма. Имено, извештајот за работата на Агенцијата на РМ за трансформација на претпријатијата со општествен капитал го гледам со значење во зависност од аспектот на кој го разгледуваме. Имено, ако за него расправаме од технички аспект на работењето на агенцијата, тогаш тоа е

во ред, бидејќи во него е изнесено она што Агенцијата работела во изминативе 15 месеци за"колку што се изнесува извештајот, а тоа може да се види од самите показатели што се изнесени во самиот Извештај. Но, ако расправаме од аспект на одвивање на процесот на приватизацијата и рефлексите кои ги предизвикува државата, тогаш сметам дека треба да имаме еден сосема друг пристап. Во тој случај прашањето на приватизацијата е едно од најзначајните, ако и најзначајно во работат на овој парламент. Ова, пред се, го велам, бидејќи сметам дека во зависност од реализацијата во процесот на приватизацијата ќе бидат условени севкупните промени, како во економскиот така и во политичкиот систем во нашата држава. Во последниов месец, во последно време сведоци сме на голем број на различни контроверзии околу правилноста на спроведувањето на законот, почнувајќи од изјавите на Владата која изрази незадоволство од спроведувањето на приватизацијата, па се до појава на одредени афери поврзани со одреден број на претпријатија кои што се приватизираат во Републикава. Сметам дека таквиот начин доведе до создавање на одбојност на заинтересираноста на приватиазција и сметам дека само заради рокот кој што е назначен во законот се пристапи на забрзаност на реализацијата и тоа на реализација сама на себе. Тоа го потврдува и фактот што и во самиот извештај , а и од претставниците на Агенцијата кои што ги имавме при комисиската расправа е изнесено дека најголем број претпријатија својот процес на приватизација го забрзаа на почетокот на оваа година, посебно во овие денови кога и наближува и крајниот рок- По моето убедување одбивноста на приватизацијата е присутна во сите сфери и фактори во претпријатијата на кои што се однесува овој процес. Имено, прво, сметам дека работниците не се заинтересирани за забрзување на приватизацијата м, бидејќи се создаде впечаток дека се врши грабеж на она што со години тие го стекнувале со труд.

XIII/3

Второ, сметам дека и дел од раководствата во претпријатијата е повеќе заинтересиран да остане ситуацијата статус скво, затоа што ризикот е помал кога нема вложени сопствени средства во претпријатијата.

Трето, странските вложувачи се многу малку заинтересирани за вложуваше, заради високиот степен на ризичност, како и од незаокружената законска регулатива . Ако го погледаме процесот на приватизација од тој аспект, произлегува дека најзаинтересирани за забрзување на приватизацијата се проценителите , бидејќи сметам дека засега тие имаат најголема корист од овој процес, а посебно е прашањето околу исправноста во извршувањето на работата односно на задачите кои што тие ги извршуваат. Сметам дека ваквата состојба е предизвикана од причини што не се успеа да се создаде клима прифатена од поголем број на заинтересирани. Затоа, отсуствуваше продуктивност на севкупните реформи од државата, а посебно на приватизацијата. Напротив, барем по моето мислење со промоцијата на приватизацијата во медиумите, туку мислам пред се на спотот кој што одеше на телевизија, како и во пропагандата на печатот од страна на Агенцијата се постигна спротивен ефект. Повторувам ова е лично мислење и по мое мислење тоа беше една промоција која постигна најнегативен ефект во последно време. Сметам дека Владата на РМ покрај тоа што го усвои Извештајот на Агенцијата треба да даде и свое мислење односно анализа на спроведувањето на приватизацијата. Оваа анализа, според мене, е потреба за да може точно да се лоцираат местата и одговорностите на субјектите вклучени во спроведување на приватизацијата. Можеби е потребно и зголемување на нејзините надлежности во правец на одлучувачката улога во трансформацијата на претпријатијата со општествен капитал, а со тоа и зголемување на степенот на одговорноста . Можеби многумина ќе речат дека критичкиот пристап кон овој проблем е спротивставување на реформските процеси.

Напротив, сметам дека овој процес е неминовен но наша задача е да го спроведеме што по безболно со помалку потрес бидејќи последниците можат да бидат несогледливи.

На крајот убеден сум дека опстанокот на оваа власт и на сите нас ќе зависи во зависност од цената што сите заеднички ќе ја платиме за спроведување на приватизацијата.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дин Мешков има збор.

**ЉУПЧО МЕШКОВ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници, помина прилично време од кога барав збор, додека го добив, не е тоа проблем, но во еден момент помислив, се уплашив да не заврши процесот на приватизацијата додека излезам на говорница па да биде презпредметно моево јавување.

Со оглед на важноста на прашањето кое го третираме сега, а тоа е процесот на приватизацијата и дека е тоа прв извештај на Агенцијата за приватизација и Комисијата за финансирање и буџет даде еден сериозен пристап во разгледувањето на овој Извештај и тие размислувања и сугестии се составен дел на извештајот кој ви е поделен и мислам дека ќе треба да ги има Агенцијата предвид при понатамошна работа во процесот на приватизација.

Од овие сите сугестии има два типа на прашања кои беа третирани за кои се распраавше, а тоа едниот тип на прашања оние кои произлегуваат од некои проблеми кои се јавуваат во приватизацијата а се врзани со некои недоречености во законот за приватизација на претпријатијата со општествен капитал или поради недонесените други системски закони кои се неопходни за успешното завршување на процес односно за успешното спроведување на процесот на приватизацијата.

Втората група на прашања, која особено мислам се битни, а тоа се она што во овој извештај недостасува,дали нешто недостасува, и што е тоа, односно кои се тие прашања за кои нема одговор во извештајот на

Агенцијата, а кои треба да најдат одговори на тие прашања соодветно место во овој извештај. Во претходните дискусии беа доста сериозни прашања покренати во врска со приватизацијата, кои прашања мислам дека и почесто можат да бидат разгледувани на ова собрание, можеби не преку тој годишен извештај кој е и обврска од законот, можеби во некои информации или други материјали кои доаѓале, но како и да е мислам дека со овој прв извештај можат да се забележат и сериозни прашања од процесот на приватизацијата.

Јас ќе се задржам само на оние прашања за кои сметам дека нема или нецелосно има одговор во извештајот и кој го прават во таа мисла нецелосен, а можат да бидат така да кажам една од причините за тоа дека нема потполно односно целосна со не одговорот на тие прашања не е во целост запазен принципот во јавноста во работата на Агенцијата. Од Извештајот може да се види дека вкупните приходи од 383 милиони денари за 1994 година не може да се види според кои модели на трансформација на малите , средни и големи претпријатија се остварени тие средства, како и очекуваните ефекти на општествениот капитал наменет за продажба за претпријатијата кои ја отпочнаа трансформацијата во извештајниот период.

Второ,согласно законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал покрај обврската на агенцијата за поднесување годишен извештај на Собранието за работата должна е и да достави извештај за користењето на средствата, а Собранието да донесе програма за намената на тие средства, но Собранието за намената на средствата остварени од работењето на Агенцијата во извештајниот период посебно не расправало, односно не може да се смета дека расправало при усвојувањето на буџетот. Поконкретно на пример колку од остварените средства се користени за враќање на внатрешните и надворешните долгови, особено на долгот спрема девизните штедачи каде што посебно беше промовирано при отпочнувањето на приватиза-

цијата решавањето на овој сериозен проблем. Колку од тие средства се наменети за вработување на работници кои ќе останат без работа заради процесот на сопственичката трансформација. Исто така, се поставува прашањето дали во извештајниот период, односно остварените средства има планирано дел за обесштетување на лица, кои полагаат права на сопственост, согласно на прописите за денационализација, а не можеле да бидат обесштетени со акции односно со удел, како и планирани средства за развојни програми и проекти од остварените приходи на Агенцијата. Кој е тој дел и колкав е тој дел. Значаен дел од приходите на тековното работење на Агенцијата се остварени од приходи од главницата на каматите од порано пласирани краткорочни кредити наследени од Републичкиот фонд за развој. А покрај овие приходи агенцијата остварува приходи како прилив од нови краткорочни позајмици и такви пласмани има извршено во износ 93 милиони денари. Ова беше и претходно во дискусијата поменато, еве јас ќе го повторам, се поставува прашањето дали агенцијата имала и има право на вакви пласмани спрема нејзиното место и улога што ја има согласно законот за приватизација на претприајтијата со општествен капитал.

Мене ми се поставува и прашањето износот од 21,2 милиони кои се потрошени за покривање на расходите од тековното работење на агенцијата, се поставува прашањето дали овие средства од тековното работење се во согласност со Програмата за работа на Агенцијата и со финансискиот план на кој согласност дава Владата на РМ.

По мое уверување, по мое мислење отсуството на информации за сите овие прашања во финансискиот извештај, го чинат овој извештај нецелосен.

XIII/7

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дин Димов има збор.

**ЛАЗАР ДИМОВ:**

Почитуван потрептседателе, почитувани пратеници, со оглед на тоа што спрема значењето на точката и таа е така ставена што си го зазела своето место, значи таму последно место, а бидејќи и ние сме истоштени како со почетокот на седницата, така и со самата седница, ќе се потрудам да бидам краток, бидејќи навистина силите се психофизички и верувам дека се на крај.

Сметам дека овој извештај на Агенцијата, како извештај на Агенцијата и како обврска на Агенцијата спрема Собранието што треба да го поднесува е во ред. За неговата содржина се чу малку овде и во анализа што дава, што не дава итн. но една работа многу ме чуди и дури ме загрижува. Овде беше изнесена една критика од пратеникот Зоре дека критика треба да трпиме ние тука пратениците, треба да трпи претседателот на Собранието што не е тука, итн.

Јас мислам дека критика претседателот на Собранието треба да трпи не затоа што не е тука туку затоа што прифатило ваква точка на дневен ред со писмо од Владата дека во склад со ова или со она е усвоен извештајот на Агенцијата за приватизацијата и доставен до Собранието. Тоа ми значи исто како да Владата односно ние денес ќе усвојуваме извештај на некои здружение на младите ентузијасти за борба против ќелавоста. Од прилика така работите стојат. Ние овде имаме една работа, за која мислам дека најсериозната работа е оваа работа. Посериозна работа немаме која да расправаме.

XIV/1.- лп/јс

**ЛАЗАР ДИМОВ:** (Продолжение)

Ако е тоа така, сметам дека ова што сега го расправаме со ваков ред и со ваква насока е депласирано. Зошто е депласирано? Што ние ќе расправаме? Извештајот на агенцијата, луѓето таму напишале, формирани тогаш, работеле - не работеле во согласност со Законот, им недостасувало ова, семинари, потрошиле - не потрошиле и тоа не е многу јасно колку пари потрошиле и луѓето што немале што да пишуваат или некој не побарал од нив што да напишат, тргнале да идеализираат. Луѓето од агенцијата за приватизација почнале да пишуваат идеолошки проблеми. Агенцијата за приватизација, внимавајте, почнува да ги анализира идеолошките проблеми во нашето општество, зошто луѓето многу не ја бендисуваат приватизацијата. Тоа не е ниту предмет ниту задача и по Законот за формирање на оваа агенција. Предметот на агенцијата - да не ја критикувам јас неа, агенцијата направила во оној дел што направила, дури ни овие показатели - имаме показатели со пресек од 1994 година, крајот на годината, некоја проценка на колку фирми, потоа имаме евиденција на фирми до 30 март кога проценуваме дека до таа дата се проценети фирми во вредност од 33 илјади работници, вредност 600 милиони марки, од кои 400 милиони по некои акции, вакви или онакви припаднале на работниците, останале општествени 200 милиони долари и ниту се зборува како тие 200 милиони долари бидејќи тоа е завршена работа, колку стигнале од тие 200 милиони долари, по која динамика пристигнуваат или нема да стигнуваат. Верувам дека таа работа била работа на агенцијата да ја напише тука и врз база на тоа во прв ред Владата, а потоа ние да оценуваме какви ефекти има од сето тоа што се случува. Човек навистина не може да остане рамнодушен и да не коментира во поглед на идеолошкиот дел. Вели луѓето уплашени многу не ја бендисуваат приватизацијата и тука се редица и редица бисери и се чуди зошто луѓето тоа не го бендисуваат. Ова на агенцијата јас го сфаќам како повик

ние од Собранието некоја форма на институција да организираме, некое насочено експресно образование за промена на свеста на граѓаните многу да ја бендисуваат приватизацијата, и покрај тоа што не се работи по закон, агенцијата си зема за право и тие имаат право, бидејќи работата не е дорегулирана, еднаш вака да се приватизира, еднаш онака, еднаш проценката да биде висока еднаш мала, во зависност од тоа кој колку ќе ја купи. Сите форми играат и овој наш народ безобразен не им верува на таквите работи, а после транзиционите работи ќе биде вистински рај. За да го убедиме народот во тоа - не е тука министерот за школство, - треба да организираме брзи експресни курсеви, ќе ја измениме психата на луѓето и ќе ја курдисаат и бендисаат приватизацијата и сите ќе бидеме свечени и ќе пееме во рајот. Сметам дека овој начин на разгледување на оваа работа, ние навистина сме бесцелно и несериозно друштво тука што сме но за таа мерка да бидеме несериозни ваков приод да дадеме на овие работи сметам дека навистина сите граници ги минува.

Затоа, предлагам - извештајот на агенцијата си е извештај на агенцијата, според мене тука е многу попотребен коментарот на Владата. Ние зборувавме кога го донесувавме буџетот дека нашиот буџет се базира на четири ипол милијарди долари нето национален доход што ќе се оствари во оваа година. Да видиме сега како се остваруваат тие бројки од каде и дали и воопшто може да се остварат. Сметам дека до крај ќе бидеме несериозни и неодговорни, ако ова по ваква процедура овде помине.

Затоа, предлагам со денешните дискусии кои дадоа некаков придонес, агенцијата, но не толку агенцијата, повеќе до Владата за тоа што од прилика треба да ги дефинира задачите што треба да ги даде како параметри за анализа, овој извештај да не се усвои од ова Собрание, извештајот да се врати на агенцијата, агенцијата во духот на

дискусиите на пратениците овде да се изгради онака како што треба, Владата да го разгледа и овој извештај на агенцијата да не го гледаме како гол извештај, туку да го гледаме да кажам како едно гледање и пресек на Владата за економските состојби во нашето стопанство. Тоа има сврха и смисла, сето друго е онака како да помине, не е проблем, ќе помине.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, да нема забуна, според член 9 2 од Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал, агенцијата е должна да достави извештај еднаш годишно до Собранието и двапати до Владата, а Собранието сме ние а не поединечно како пратеници. Според тоа, ние мора да го гледаме односно треба да го гледаме извештајот на агенцијата.

Овде имаме мислења на Владата во кое стои дека Владата го прифатила извештајот според тоа, за содржината можеме да расправаме но од формален аспект не треба да се оспорува.

**ЛАЗАР ДИМОВ:**

Господине потпретседателе, јас никаде не спомнав дека основаноста на поднесување на извештај на агенцијата е спорна. Кажав дури дека и Владата не упатила, ни го препорачува овој извештај по член тој и тој. Јас не спорев ништо во тоа, туку спорев во следното, уште еднаш ќе повторам. Дали можеме ние како Собрание да си дозволиме овој извештај Владата да го гледа, а и ние исто така како извештај, како п реков на друштвото на младите ентузијасти за борба против ќелавоста. Дали тоа смееме да си го дозволиме. Инаку, формалноста јас воопшто не ја спорев.

XIV/4.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Зоран Шапуриќ.

**ЗОРАН ШАПУРИЌ:**

Почитуван потпретседател, почитувани пратеници, јас би сакал и покрај тоа што некои од претходните дискутанти ја начнаа оваа тема, да кажам неколку зборови, за правната регулатива односно нерегулатива на оваа област, во областа на трансформацијата на општествениот капитал. Многумина дискутанти поставија доредени прашања во смисла како кога, зошто итн., на кои што токму од оваа правна празнина, токму за- ради овој правен вакум нема одговор и тие прашања, како што и самите можат да видат и самите се прашуваат ниту тие ниту било кој можеше да им одговори. Оваа правна празнина не е само од аспект на недонесената регулатива за законите од областа на судството и за законот за денационализација, туку оваа правна празнина произлегува и од самиот закон бидејќи Владата досега мораше да ги понуди подзаконските акти кои ќе пополнеа овие правни празнини односно правни недоречености или пак да понуди закон за измена и дополнувања на овој закон. Тоа досега не е сторено и оттаму постојат низа недостатоци, недоречености и прашања на кои едноставно не постои никаков одговор. На сите овие правни празнини и недостатоци и недоречености експертите од Светската банка укал уште во 1993 година, но очигледно овие забелешки не беа земени предвид. Оттаму, со оглед дека овие подзаконски акти не се донесени, Владата е требало што побрзо да пристапи кон нив.

Во самиот закон прво, не е јасна постапката на кој начин треба да се одвива, не се прецизирани доволно органите и нивните надлежности. Ова се однесува за првостепена и второстепена постапка. Не се утврдени прецизно критериумите односно не се утврдени, тие не се регулирани, па оттаму се случува Управниот одбор на агенцијата да

утврдува по сопствено наоѓање одредени критериуми кои би требало да бидат утврдени со закон или подаконски акти. Така на пример во пракса се сретнуваат доста аномалии, а на пример во лен 50 од Законот при продажба на идеалниот дел на претпријатието е предвидено јавно надавање ако се јават најмалку двајца понудувачи но никаде не е регулирано да на ова наддавање треба да го купи претпријатието оној што понудил најмногу или пак не.

Исто така, постојат низа поими, најдобра програма, најдобри услови итн. кои се доста субјективни и доста општи, па оттука исто така, не може да се даде одговор и на овие прашања.

Имајќи ги предвид сите овие недостатоци, воопшто не е чудно она што е предвидено во член 99 од Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал, каде што е предвидено јавниот правобранител да ја врши заштитата на претпријатието односно заштита на имотот, односно општествениот имот како што е предвидено во Законот. Според моите сознанија тоа е досега во еден или два случаи и тоа не само заради тоа што не постои регулатива и оттаму не е побара на судска заштита, и тоа е еден или два случаи, туку доаѓа оттаму што јавните правобранители немаат воопшто никаква информација што се случува, никој не ги известува за ова, немаат ниту од агенцијата ниту од управниот одбор ниту од било кој орган известувања и податоци како да постапуваат, како да ги заштитуваат претпријатијата односно како да го заштитуваат општествениот имот.

Оттаму, неопходно е овие подзаконски акти да бидат што побра донесени со јасно утврдени прецизни критериуми, со цел да се избегне било каков субјективизам. Мислам дека ова би требало во најкраток можен рок да се стори од страна на Владата, како што реков или со изготвување на подзаконски акти кои ќе овозможат сето ова да се надмине, како и да се надмине затвореноста односно јавноста односно

нејавноста во овој случај бидејќи во самите акти не е регулирано правото на увид при целата оваа постапка итн.

Јас не би должел, бидејќи како што кажав голем дел од дискутантите ја начнаа оваа проблематика од правен аспект, па оттаму повторувам уште еднаш нужно е Владата односно овој Парламент да донесе такви акти по итна постапка, кои се разбира Владата би требало да ги донесе, да ги отстранат сите овие сомневања, субјективизми и недоречености.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор, г-динот Владимир Соколовски.

**ВЛАДИМИР СОКОЛОВСКИ:**

Почитуван потпретседател, почитувани пратеници, накратко би сакал да се осврнам на извештајот кој е доставен до нас.

Прво, сакам да кажам дека ваквиот извештај претставува навистина една позитивна иницијатива на Владата и воопшто на агенцијата што си дозволи да оцени еден период од скоро година и нешто, да дос- тави писмен извештај како и на кој начин се спроведува приватизација- та и како овој модел на приватизацијата успева во наши услови.

Кога зборуваме за периодот од 1993 година до сега очигледно дека држи фактот дека доста споро се одвива процесот на приватизацијата се разбира, според еден модел кој го прифативме како таков, наместо на почетокот кога се поведе иницијатива за приватизација на нашите фирми да направиме еден амбиент во кој многу полесно ќе се спроведе моделот на приватизацијата кој го прифативме, ние тргнавме по еден обратен процес каде без да ги донесеме битните закони за овозможување тој модел да се спроведе што побрзо, ние тргнавме по еден обратен процес. Имено, почнавме со таа приватизација, а дури сега мислиме да ги донесеме тие законски регулативи. Кога зборувам за оваа законска

регулатива, сметам пред се на Законот за јавните претпријатија, Законот за трговските друштва, отворање на берзата на акции, контрола на тие акции итн., значи, тоа се низа пакет на закони кои требаше во почетокот да ги донесеме како закони за да може овој постоечки модел што побрзо и поефикасно да се спроведе. Во случајот постојат две работи.

Прво, во Извештајот малку е кажано што е со оние акции што веќе порано работниците ги имаат земено за времето на Анте Марковиќ па и после тој период, што со тие акции, како тие се вклопени во постојниот систем на приватизација. Голем дел од работници кои ги купија тие акции се уште немаат ефектива, немаат добиено никаква дивиденда и практично навистина постои една забуна како тие ќе се вклопат во новиот систем на приватизација.

Втора работа која би сакал да ја напомнам е начинот на проценка на фирмите, односно како се одвива таа проценка и колку таа е ефикасна. Постојат доста празнини во таа процена и мислам дека сите овие да кажам обрусени субјекти кои вршат процена веројатно немаат иста процедура и иста методологија при проценка на фирмите. Многу често се случува во нашата пракса една иста фирма да биде проценета би рекол на многу различни вредности. Имено, јас знам конкретно неколку фирми кои се проценети скоро за 50% помалку од друг проценител во однос на првиот, што секако внесува една забуна и неразбирање во јавноста.

Трета работа која би сакал да ја кажам е, во Извештајот не постојат временски рокови како да се спроведат сите постојни неопходни законски регулативи кои треба да се донесат, не постојат временски рокови во кој период треба да се создаде амбиент на берза на акции каде што најадекватно ќе се процени вредноста на секоја фирма врз база на

пазарните законитости на побарувачка и понуда и сметам дека во овој извештај недостасува една таква информација, покрај овие што ги кажав и мислам дека ваквиот извештај сепак треба да се доработи, да се внесат одредени податоци кои ги спомнав и како таков да се презентира во Собранието.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор?

Има збор господинот Мевљан Таири.

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

Почитуван потпретседател, дами и господа пратеници, бидејќи многу беше кажано денес во однос на Извештајот што е поднесен од страна на Агенцијата, и јас би се согласил со повеќе дискутанти дека овој извештај не е целосен. Затоа, се придружувам кон тие што бараат пред Собранието да се достави еден нов дополнет извештај во кој ќе бидат презентирани состојбите во самата агенција, која ја спроведува приватизацијата. Тука пред се мислам на бројот на вработените и на тоа како се шири Агенцијата и какви се размислувањата на луѓето и на Владата во однос на иднината на тие вработени во Агенцијата, а особено недостасува податок колку сега има вработени во таа Агенција.

Една друга работа би сакал исто така да биде внесена во Извештајот на Агенцијата, а е во врска со состојбите кои воопшто владеат во општеството. Имено, при овој недостиг на законска регулатива за надоместоците, платите во голем број на државни институции, органи, разни други организации, според некои информации кои доаѓаат до нас пратениците,во оваа Агенција надоместоците и платите се навистина превисоки, имајќи ги предвид тие што важат за

министрите, пратениците и за некои други структури во државата. Да напомнам дека таков случај може да се забележи и во некои други органи во државата, како на пример во локалната самоуправа и во други сегменти каде што не се почитува ама баш никаков соодnos кој важи на некој начин за највисоките државни органи.

Уште еден проблем, уште еден аспект од овој извештај сметам дека треба да се има предвид, а тоа е дека Агенцијата во текот на своето работење, бар така може да се заклучи наведува на тоа дека е избран погрешен модел за приватизација. Сметам дека ако ова се покаже како точно и во иднина ова Собрание, односно Агенцијата и Владата треба најсериозно да размислат за некои измени во Законот за приватизација на капиталот.

Според тоа, јас предлагам Извештајот да не го прифатиме, односно да побараме да биде дополнет со некои нови елементи кои се битни за мериторно одлучување во процесот на приватизацијата.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господинот Аце Коцевски.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, дами и господа, процесот на приватизацијата без сомнение е тежок, сложен и многу противречен процес. По две години од донесувањето на Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал, денес Парламентот прв пат го постави ова прашање на дневен ред, иако Законот обврзува тоа да се прави еднаш годишно. Собранието мора да биде добро информирано за тоа како се остварува процесот на приватизација, кои се тешкотиите кои се јавуваат, а кои се перспективите.

XV/1 РД/СЛ

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Низ дискусиите на пратениците на Либералната партија ги слушнавте ставовите на пратеничката група на Либералната партија по ова значајно прашање. Јас би ги потенцирал следните недостатоци и нејаснотии. Не се знае колкав е опфатот со приватизацијата, како што не се знае колкав е износот на книговодствената вредност на приватизираните и на оние претпријатија што треба да се приватизираат. Нема биланс на приходи и расходи. Нема извештај за одвивањето на процесот на приватизацијата на 25-те загубари во првите шест месеци од 199 5 година, нема одговор зошто драстично се намалува имотот на фирмите што треба да се приватизираат. Нема механизам како државата ќе го нормира и контролира надзорот и јавноста во приватизацијата и како ќе ја осигурува постапката, не е доволно јасно поставена позицијата на Агенцијата, дали е управен орган и што би требало да значи второстепеноста во постапката, нема јасни податоци дали и колку во ќеш се врши продажба по овој закон што го отвора прашањето дали всушност вистинската приватизација е отпочната, односно дали моделите во овој закон овозможуваат приватизација бидејќи по него никој ништо нема купено. Бидејќи првите приватизации во Македонија на "Македонија-спорт" и "Скопски саем" почнаа со афери, дали тоа не значи дека приватизацијата по овој закон уште на стартот нема да биде блокирана. Што ќе направи Агенцијата за контрола на договорите по менаџерски откуп и на кој начин ќе интервенира , доколку тие не се почитуваат во наредните пет години. Зошто досега не се предложени законски акти за разрешување на спорните и нејасни работи, како што предлагаа и стручњаците од меѓународните институции, за тоа Шапуриќ зборуваше,

или пак треба да се извршат измени и дополнувања во законот. Што се подразбира под отпори од идеолошка природа и фер приватизација? Дали за тоа што се прави се задоволува формата, наместо суштината. Што се подразбира под одредбата поквалитетна програма во услови кога Агенцијата нема јасни критериуми за тоа? Истото овозможува незадоволните странки да не можат да ги остварат своите права, бидејќи Судот нема елементи врз основа на кои ќе ја заснова својата одлука. Има уште две поважни нејасни работи. Зошто досега Парламентот нема усвоено програма за намена и користење на средствата од последната републичка сметка, што значи дека е потполно нејасно и дискутабилно како се трошеле досега тие средства и со чие овластување. И второто, зошто Владата не ни достави мислење по овој извештај и за едно многу значајно прашање кога да речеме во други случаи дава мислење за сите други закони и за сите можни амандмани.

Бидејќи извештајот е нецелосен, неконкретен и не дава доволно јасна слика, поткрепена со точни факти какви се вистинските состојби, кои се слабостите и што треба да очекуваме во наредниот период, Пратеничката група на Либералната партија не може да го поддржи Извештајот и бара да се врати на доработка, за да би можеле некаде во септември во Парламентот повторно да расправаме по него. Тогаш се надевам со целосен извештај ќе имаме можност темелно да разговараме по ова прашање. Во спротивно, Парламентот доколку го усвои Извештајот би се вклучил на еден неубав начин во сето ова што во моментот се случува во процесот на приватизација во Македонија.

**ЗОРЕ ТЕМЕЛКОВСКИ:**

Навистина мислам дека ќе ја завршиме дискусијата со една бледоликост од дискутантите кои досега настапија под името Либерална партија, со тоа што не можам да отидам од парламентарните клупи, а да сфатам дали дискутираат од позиција на опозиција, или ова беа дискусии кога го донесувавме законот за приватизација, бидејќи тие директно партиципираат во оваа Влада и во концептот кој што го поддржавме сите заедно. Јас сметав и во моето излагање дека денеска имаме ние само по информацијата од Агенцијата и од Владата и ние требаше да дадеме една конструктивна дискусија која што ќе води во забрзување на овој процес кој што ние го поддржавме многу поодамна. Со ова сега добиваме впечаток дека ние нема да гласаме велат од Либералната партија, да поддржиме. Тогаш треба да дискутираме за некоја нова програма и дајте изложете ја овде на говорницата или во постапка на Собранието таа нова програма, која што не чини, која што ќе биде депандант на ова што го имаме и која што е веќе во процедура. И по оваа програма се остварени некои приватизации. Во процентуалност веројатно претставникот на Владата ќе ни каже колку стои она што го интересира претходниот дискутант. Инаку навистина сме доведени во една заблуда дека ние не го поддржуваме законот кој што овде сите го изгласавме. Не знам дали има стенограм, колку е поддржан, ако не се лажам едногласно.

**МИРКО ПЕЦОВ:**

Почитувани пратеници, јас сум претседател на Комисијата за економска политика и развој, па редно е да кажам некој збор околу работата на оваа тема, работевме на две седници. На првата седница не

се согласивме ние со Извештајот, бидејќи немаше финансов извештај, немаше некој клучни работи по наша оцена и го вративме на повторно доопремување, немаше дури ни мислења од Владата и на втората седница мислам се правеше доста дискусии има заклучоци доста сериозни на нашата Комисија, се создржани сите важни и релевантни работи што се однесуваат на оваа материја. Така да мислам Парламентот на комисиите и на нивната расправа посвети доста внимание на ова сериозно прашање и мислам дека е тоа навистина најсериозно да се менува систем навистина е тоа битна и чувствителна работа и треба да бидеме свесни ние при сета таа работа и да имаме една свесност дека нема и некоја правичност и дека ние можеме да набележиме како некој дискутанти што набележија еден аут проблеми и кривини и несогласувања. Тоа секој може од нас да го набележи, бидејќи се знае дека во приватизацијата нема правичност и дека во сто посто случаи се греши. Или ќе се потцени или ќе се прецени ситуацијата, така да во сто случаи се греши. Тоа не е ништо ново и секој може многу мани да најде, меѓутоа, ние сепак треба да бидеме посериозни во оваа работа, критични како што беа луѓето на Комисијата доста сериозни, длабоко ги разгледаа работите дури колегите од Либералната партија учествуваа, ги прифатија сите забелешки и го усвоивме извештајот и мислам дека нема некој поголеми и позначајни пречки кои ја рушат оваа материја и према мене таа може да помине и треба да го усвоиме извештајот. Има таму и предложено дека Владата должна ни е да поднесе програма за користење на средства а Собранието да ја усвои таа програма, тоа стои како задолжување и сигурно дека Владата ни е должна и дека тоа треба да го направи и на тој начин да ја завршиме процедурата.

XV/5.-

**ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ:**

Почитуван потпреседателе, почитувани колеги јас излегов да кажам дека ние не сме таканаречена Либерална партија, нашите колеги се обидоа на еден многу конструктивен начин да ги најдат негативните страни на процесот на приватизација. Верувам дека идејата да даваме повеќе информации да се вклучиме, да дадеме свој придонес од страна на законската регулатива од моделот кој се применува, мислам дека само се позитивни тенденции и дека треба да се оквалификува, дека треба да мислиме исто. Сметам дека така треба работите да ги тераме. Мислам дека не треба да си ставаме на страна дека сме ние тие Либерали кои сакаат нешто да рушат и кои се против нас. Мислам дека треба конструктивно работите да ги прифатиме. Сметам дека тоа е најдобра намера. Акцентот да бараме еден извештај кој е потполн кој ќе користи на сите нас, ќе дојдеме до таква приватизација која ќе ги задоволи сите наши луѓе во Македонија и која на некој начин ќе се спроведе по мирен и на најсоодветен начин.

**ВЛАДИМИР СОКОЛОВСКИ:**

Сакам да напомнам дека денеска дискутираме за извештајот на Агенцијата, а не дискутираме за законот за приватизација. Но тоа такво размислување дека некој од пратениците дискутираат за законот за приватизација, ми се чини дека не држи, сега дискутираме за извештај кој треба да го поддржиме или не. Ние се обидовме не само пратениците на Либералната партија, туку и други, се обидоа да го коментираат извештајот и сметам дека со една конструктивна дискусија секој од нас може да каже и има право да каже што е тоа што чини и не чини во Извештајот. Затоа не треба да се даваат конотации од друг карактер па дури и тоа дека некој е опозиција, сметам дека не држи, ние сепак сме во

оваа власт како Либерална партија,во извршната власт и сметам дека се обидуваме со конструктивни дискусии да помогнеме еден извештај да се донесе најквалитетно како што треба да биде.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Почитувани колеги, навистина и јас се придружувам кон оценките на овие дискутанти, пратеници што говореа во прилог на тезата дека ова најважното прашање со кое се соочуваат и овие партии кои се во Парламентот и оваа власт. На ова прашање или се губи или се добива углед во македонската јавност и полагаме испит на зрелост и пред европската јавност. Дали државата ќе има кредибилитет во сферата на реформите што ги запознавме. Ако тука немаме консензус, како што се предлага и од неколку дискусии , вкупно во македонската јавност мислам дека не само што ќе ги изневериме очекувањата на македонските граѓани, туку и поддршката што ја ужива Македонија во странство во врска со реформите во сферата на приватизацијата. Повод ми даде оваа заложба на неколку дискутанти од пратеничката група на Либералната партија да се одложи, односно да не се прифати информацијата, да се врати на дополнување и да ја гледаме некаде во септември како целост. Значи тоа да се одложи приватизацијата до септември. Значи ли тоа да не се даде поддршка на Агенцијата она што го чини позитивно кое што стои во информацијата позитивно дека не треба да го чини дека целиот тој процес треба да запре. За мене информацијата каква таква, отвора многу прашања и многу критички се осврна. Јас ги прифаќам сите тие укажувања, тоа се се добронамерни со цел да се направи еден пресек, да се деблокираат сите пречки што се во сферата на приватизацијата на

целокупниот тој процес, да се надополни процес било на формално - правен, нормативен, организационен и да продолжиме онаму каде што сме застанале. Никој нема право да ја доведе во прашање приватизацијата. Како што знам тоа е политичка определба на сите партии, парламентарни и вонпарламентарни. Според тоа, да не се добие во јавноста, а токму тоа сите говоревте овде , дека еден од најголемите недостатоци на приватизацијата досега беше заправо што отсуствуваат релевантни информации во јавноста за она што го работи Агенцијата. Или како што вели Владата отсуствува транспарентност, јасни правила, критериуми, кои што пред почетокот на играта секој кој што конкурира ќе ги види условите под кои што ќе се натпреварува, ќе ги знае точно своите шанси однапред, ќе ги знае своите права доколку влезе во трката, па поради конкуренција однапред режирани услови на конкуренција ќе биде исфрлен од трката. Има многу нејаснотии, непрецизности во законот, но извештајот има за цел, покрај другото и тоа. Да ги отстрани сите тие недостатоци, ако предизвикува потреба за измена и дополнуваше на законот , Владата е таа со Агенцијата заедно што ќе седнат да ни предложат измени и дополнувања, што не значи дека не можеме и ние како пратеници измени и дополнувања на законот. Значи овдека има неколку недостатоци кои јас апсолутно ги поддржувам што беа укажани. Тоа значи дека и Парламентот треба да донесе низа закони. Да го донесе законот за јавни претпријатија, законот за денационализација, бидејќи без тој закон , апсолутно во нерамноправна положба се граѓаните кои што еднаш веќе се оштетени. На кои што им е национализиран имотот. Без тој закон тие се сега во трка која што заостануваат сериозно во новата приватизација. Двапати ќе бидат оштетени од оваа држава. Значи комплементарност на тој процес на приватизацијата подразбира донесување на тој закон за денационализацијата. Законот за трговските друштва, ние ги утврдивме и

Законот за јавните претпријатија и за трговските друштва како предлози. Да се договориме процесот да се забрза за нивно донесување. Ова што г-дин Коцевски говореше да се донесат тие програми , Владата да предложи и програмата за распоредот на средства со кои што ќе располага Владата и Собранието како ќе се насочуваат. Меѓутоа, сето тоа е во функција на забрзувањата на процесот на приватизација. Овдека никој не кажа и една голема работа , барем јас не слушнав, иако внимавав. Ние и завршивме некој фирми и се предадоа. Но која е обврската на тие што ги купија фирмите. Заклучија договор дека ќе им даваат толку и толку плата на работниците а сега слушаме дека не толку , туку воопшто не им даваат. Тој може да понуди за да ја купи фирмата, ќе понуди баснословни услови, кој тоа и како ќе го контролира, дали тој се држи на договорените услови. Тој конкурирал, ја зал фирмата и сега за него е сето друго во втор план. Дали имаме законска гаранција за заштита на правата. Државата како се однесува во однос на Агенцијата, како ќе ги следи, како се остваруваат тие договорни обврски, па може и да му ја одземе, казната која е. Значи има многу недоречености, има многу некоегзистентност, има многу некомплементарност. И во таа смисла јас го сфатив и Извештајот на Агенцијата, да укаже на делот за кој што Агенцијата е задолжена. Агенцијата ве молам, е само еден сегмент во процесот на приватизацијата, но најважен секако, но не е само Агенцијата. Тука сме и Владата и Собранието, тука е и јавноста за која што треба после тоа ако вака дојде да не го прифатиме извештајот, јавноста нема да го поддржи процесот на приватизација, или барем ќе го одложи дотогаш додека не се направи добра информација, односно добар извештај. А покрај сите субјекти треба да ужива доверба приватизацијата и да биде општо прифатена. Заради тоа баравме и консензус од сите политички субјекти во државата. Меѓу кои и јавноста и средствата за јавно информирање. Затоа молам ако може во оваа насо-

ка да се размислува. Сето ова што беше овдека кажано, во дискусиите токму и во таа насока се водеше, но да не се стави опструкција на Извештајот, затоа што во македонската јавност може да се блокира процесот на приватизација, ако извештајот не биде прифатен. А според мое убедување во извештајот се набележани активностите што ги имала Агенцијата, потенцирајќи меѓу другото и овде ако беше карикирано дека има идеолошки пречки, објектив! постојат идеолошки пречки. Се уште има оспорување дали ни треба ваква таква приватизација, дали ова кон што води, па во овие тензии кога притискаат невработеност, стечајни постапки, отпуштање од работа, загубарите итн., тоа е еден период полн со неизвесности. Иако тој процес на приватизација не ужива во овој Парламент и во парламентарните партии поддршка, јас сум убеден дека и во македонската јавност ќе биде доведена во прашање. Јас не знам, можеби јас погрешно ја сфатив реакцијата, но за мене тоа е логично, ако се одлага извештајот до есен, тоа значи да- се пречека со приватизацијата до есен. Тоа така се сваќа. Јас така го сфатив. Предлагам ние извештајот критички со сите оние забелешки што ги дадовме овдека да го прифатиме за да продолжат сите тие активности, а можеме да се договориме да побараме од Владата и една дополнителна информација, за нејзиниот однос, иако имаме еден оскуден извештај на Владата, соопштение односно една информација, дека таа само го прифатила, односно само го прифатила извештајот на Агенцијата, без да укаже кои се тие проблеми, на која релација се. Иако во јавноста беше спомнато има доста недоразбирања, нејаснотии, на релација Комисија владина - Влада, Агенција итн. Значи ќе дадеме импулс на процесот на приватизација, ќе го зголемиме авторитетот на процесот пред македонската јавност и доколку дадеме поддршка на она што е досега направено, се разбира, со сите критики што беа овдека потенцирани и

XV/10.-

Собранието веројатно на крајот треба да заклучи забелешки и оугестии да се дадат на Агенцијата.

XVI/1.- JJ/OM

**ТИТО ПЕТКОВСКИ**: (Продолжение)

Четврта точка Предлог извештај бидејќи еве сега како што одминува времето и се коригира првобитно добивавме информации дека Агенцијата нема потреба да го цени бонитетот на фирмите. Како што гледате сега веќе бара и бонитетот на фирмите што конкурираат да го цени. Ова е мачен процес, долгорочен, веројатно, но не би сакал на стартот, стартот го сметам сега, бидејќи толку и толку фирми се веќе приватизирани да се опструира за да не се стекне впечаток во јавноста дека еден голем дел од политичките субјекти не го подржува., Јас можеби грешно сфатив, јас така го толкував залагањето на пратениците до Либералната партија, Извештајот да не се прифати.

Дали уште некој бара збор?

Има збор пратеникот Аце Коцевски.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Дали возбуденоста и начинот на кој што реагираше г-динот Зоре Темелковски значи дека во овој Парламент се уште немаме доволно ниво на политичка култура, за да можеме сите меѓу себе да се ислушуваме, да не реплицираме, односно да не возвраќаме на тоа што ќе кажат другите пратеници, без разлика дали ни е блиско нас, дали ни се допаѓа или не ни се допаѓа, со такви префикси, така наречена партија или нешто слично. Начинот со нервозен тон да се брани еден извештај на Агенцијата за приватизација, може само лошо да му нанесе и на Агенцијата и на процесот на трансформацијата во Македонија, затоа што тоа би значело дека сакаме нешто да сокриеме од јавноста. А јас спаѓам

во онаа група на луѓе кои сега се занимаваат со политика и кои што сметаат дека треба за сите проблеми, слабости, пропусти и состојби, максимално, отворено, критички да се разговара за да се извлекуваат поуки од сето тоа и да може да се трасираат патиштата за разрешување на проблемите во наредниот период.

Не знам ваквиот начин на реакции до каде ќе не донесе. Дали е некој така наречен или е вистински таков, не се суди според тоа како тој ќе се самонарече, туку се суди според тоа како го вреднуваат, меѓу другото, според некакви да речам европски критериуми. Не би сак« повеќе да зборувам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Иван Бојков.

**ИВАН БОЈКОВ:**

За да се надмине оваа ситуација и во јавноста да не остане впечаток дека покажуваме несигурност и незнаење во водењето на процесот на приватизацијата, што секако штетно ќе се одрази на натамошниот тек на приватизацијата, предлагам Извештајот да го усвоиме како една активност на Агенцијата во определен период, а истовремено да се задолжи Агенцијата со сите овие барања, слабости во Извештајот, недоречености да го надополни и пак во еден од наредниве месеци да го погледнеме. Тоа е мојот предлог.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор претставникот на Владата г-динот Ристо Иванов.

**РИСТО ИВАНОВ:**

Бидејќи овде беше нагласено во неколку дискусии, а како што е и во дневниот ред, овде се работи за Извештај за она што фактички

работела Агенцијата за приватизација. При разгледувањето на Извештајот и она што во текот на Извештајот се јавува како проблеми, беа нотирани од страна на комисиите и беа предочени од Владата. Меѓутоа мислам дека еден дел од проблемите треба да бидат лоцирани согласно Законот. А тоа значи дека Законот предвидува првата година, 1994, автономноста на донесувањето на одлуки за почнување на процесот на приватизација е кај самите претпријатија. И во тој дел, фактички од декември месец почнува она, би рекол, забрзано темпо после истекот на рокот каде што мора согласно законската обврска да се избере, односно прво да се донесе одлука, а после да се избере и модел за трансформација.

Во првите три месеци како што гледате во Извештајот голем број на предмети дојдоа како што се предложени од претпријатијата и обработени од страна на Агенцијата и Управниот одбор.

Овие решенија, нормално, покренуваа и прашања за практична реализација на моделите за приватизација. Но, после првата примена на моделите стана јасно дека се уште до крај не може јасно да се утврди постапката од почеток до крај на сите предвидени модели. И за да не дојдеме во ситуација, откога нешто ќе се случи да се реагира, од самиот почеток на реализацијата на моделите, Владата прво заклуч дека е неопходно заради значењето на приватизацијата да се обезбеди што по транспарентен процес. Што тоа би значело? Односно Законот ги предвидува моделите, меѓутоа, од чинот на почетокот на јавното надавање до самиот чин на склучување на договор, кои се чекори се презе маат и таквите правила би морало да бидат дадени во јавноста, па се еден граѓанин да знае што секој модел предвиден во законот за привтизација, значи фер постапка. Секој учесник кога ќе влезе во процес

на наддавање и конкурирање да знае кои се тие чекори што нему му обезбедуваат фер партиципација во тој процес. И на тој начин и самиот граѓанин да може врз основа на тие елементи да цени дали одредена постапка е во ред или не е во ред.

Вториот дел на работата е критериумите врз основа на кои што ќе се оценуваат различните понуди. Во овој дел на заедничката седница на Комисијата за приватизација на Управниот одбор излезе предлогот дека сепак овој дел претставува и политика што би требало да се оствари преку законот, преку процесот на приватизацијата, односно на кои елементи ќе се даде предност, дали цената што ќе биде платена, дали бројот на вработените што ќе бидат задржани, дали на инвестициите и т.н. Затоа сметавме дека по примерот на другите земји кои вршеле приватизација да се издефинираат таквите критериуми, Управниот одбор заедно со Стручната служба на Агенцијата да ги предложи таквите критериуми и да бидат дадени на увид на Владата, за да се знае каква политика би требало да се остварува со процесот на приватизација.

Третиот дел, кој што исто така е доста битен , е надзорот над она што Агенцијата ќе го склучи како договор за приватизација. Бидејќи има состојби, кога во период од неколку години треба да се отплати општествениот капитал, неопходно е да се знае како се врши надзорот, во кој временски период, како е обезбедено, доколку се случи некој да не ги исполни условите од договорот, што следува. не само едноставно раскинување на договорот, туку што е тоа што би било обезбедено до евентуално штетно остварување на договорот.

Врз основа на тие три глобални подрачја, ќе може пред самата јавност на увид да се даде кои се тие елементи на кои што секој еден граѓанин, во ситуации кога ќе има повеќе понуди, сам да суди, сам да

оцени и сам да пресуди дали навистина е обезбедена фер постапка и дали одредена политика што е дефинирана преку законот за приватизација, преку овој Парламент и преку Владата навистина се остварува во сите случаи или не.

И уште еден момент, да се дадат што повеќе елементи во случаи на спорови, надлежните судови врз основ ана повреда на еден или друг критериум, или врз основ ана повреда на одделна постапка, да може да оценува. Помеѓу другото беше заклучено дека она што е во Законот, навистина има празнина каде што и доколку би се отишло на суд, остава простор да не може да се оцени во корист на еден или на друг, затоа што сега постои дискреционо право како се продава општествениот имот.

Сите овие работи мора на почетокот на остварувањето на сите модели да бидат дефинирани затоа што во спротивно секогаш ќе ј остави еден простор на сомневање, недоверба. Нам ни треба учество ^ на сите па дури и на овој Парламент, на Владата и на другите субјекти, да може самата приватизација навистина да понуди конкретни резултати.

Дали уште некој бара збор? (нема)

На барање на координаторот на Пратеничката група на Либералната партија давам пауза од 10 минути.

(По паузата не се обезбеди кворум за работа на Собранието па седницата беше прекината.)

Бидејќи немаме доволен број присутни пратеници ја прекинувам седницата, а нејзиното продолжение ќе биде дополнително закажано.

(Седницата прекина со работа во 19,00 часот).